**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Петнаесеттото продолжение на Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 март 2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,43 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Продолжуваме со работа по Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џевад Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвие Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Иван Анастасовски, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Илинка Митрева, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Љубчо Георгиевски, Лазар Китановски, Зоран Витанов, Благој Зашов, Јагнула Куновска, Фијат Цановски, Владо Бучковски, Радмила Шеќеринска и Слободан Најдовски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 17-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здруженијата на граѓани и фондациите, со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Претресот по амандманот за додавање два нови членови 1-а и 1-б по членот 1, поднесен од пратеникот Мери Младеновска-Ѓорѓиевска е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да го избројат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата има доволен број на пратеници.

Гласале 54 пратеници, за гласале 11, воздржано еден, против 42.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 4, поднесен од пратеникот Марјан Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василевски:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот.

Според тоа, амандманот станува дел од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4, поднесен од пратениците Роза Топузова-Каревска, Кенан Хасипи и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има госпоа Роза Топузова-Каревска. Повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, овој амандман беше во истата насока што и претходниот амандман, кој што го прифати Владата и дозволете ми да изразам благодарност на Владата за прифаќањето на претходниот амандман, каде всушност се врши усогласување со законот за едношалтерски систем и се намалува рокот за кој што треба да се изврши регистрацијата на здруженијата и фондациите. Добро е што веќе имаме усогласување, меѓутоа и покрај тоа зошто зедов збор, има и едно техничко усогласување, така што вели се заменуваат зборовите “Централен регистер-Основниот суд”, значи, зборовите “Основниот суд” се заменуваат со зборовите”Централен регистер”. Мислам дека тоа Владата може и сама да го поправи, па логично е да биде “Централниот регистер”, ако е Основниот суд се заменува не со Централен, туку со “Централниот регистер”.

Ви благодарам и го повлекувам амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1, поднесен од пратениците Кенан Хасипи, Хаби Незиди, Роза Топузова-Каревска и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има господин Кенан Хасипи. Повелете.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине претседателе.

Ќе ми дозволите сосема накратко да го образложам амандманот. Ако се погледаат членовите 20 и 37 од Законот за здруженија на граѓани и фондации, веднаш ќе се забележи дека наведените одредби од Законот се однесуваат на елементите односно на содржината на статутот на здруженијата или фондациите, за разлика од член 44 кој вели дека со пријавата за упис во регистерот се поднесува, акт за основање, статут на здружението на граѓани и фондации, имиња на

лицата овластени за застапување на здружението на граѓани и фондации и сл. Значи, гледано од формално-правен аспект, амандманот има за цел Централниот регистер и формално да ги цени елементите на статутот на здруженијата на граѓаните и фондациите, зашто во статутот е регулирано и прашањето со имотот на фондацијата и прашањето за укинување на здружението или фондација. Прашање, кое со измените на Законот се регулирани со посебни одредби на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за здружението на граѓани и фондации. Токму од овие причини барам поддршка за амандманот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има госпоѓа Роза Топузова-Каревска. Повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници.

Јас би сакала само накратко да дадам едно дополнување во однос на овој амандман. Навистина, сум изненадена зошто амандманот не е прифатен, затоа што ова решение кое што ние сега пратениците, господинот Кенан Хасипи, Хаби Незири, Борис Кондарко и јас го нудиме, всушност оди во таа насока да може да има едно пообјективно оценување при регистрацијата на здруженијата на граѓани од страна на Централниот регистер. Дотолку повеќе што тоа решение беше содржано и во членот кој што овде се менува односно во членот од 47, кој што сега претрпел промени и сметам дека е добро да се има предвид статутот кој што го имаат здруженијата на граѓани или фондации, затоа што преку нив точно ќе може да се увиди со што тие ќе се занимаваат и која ќе биде нивната дејност. И, секако дека од големо значење е за понатамошното нивно делување, дотолку повеќе е потребно да се внесат членовите 2о и 37, затоа што покрај ова во членот 47 имаше уште еден став, кој што сега со новиот Предлог на закон и тој став се брише, односно тоа е ставот 3, каде што вели дека судот, во овој случај Централниот регистер нема да извршува уипс во Регистерот ако утврди дека целите и дејствувањата, актот за основање, статутот и програмата на здруженијата на граѓани и фондации, не се во согласност со членовите 3 и 4 на овој Закон, што според мене е од суштествено значење за подобрување на текстот на законот. Тоа е така, затоа што овие членови, кои што пред малку ги цитирав односно членовите 3 и 4 велат кои здруженија и фонадции не можат да бидат основани и вели, чии што програми, дејствување на здруженијата на граѓани и фондации не можат да бидат насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, поттикнување или повикување на воена агресија и разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост.

Почитувани колеги пратеници, сметам дека ова е многу важно и навистина не гледам зошто сега во овој момент тоа е избришано, а при тоа дури и членовите 20 и 37, кои што предвидуваат односно со кои што е регулирано при регистрацијата на здруженијата на граѓани или фондациите да се земе во предвид статутот на организацијата и е наброено се што треба да содржи овој статут. За жал, овој пат тоа го немаме. Мислам дека би било добро колегите пратеници од парламентарното мнозинство да размислат, затоа што со овој амандман во никој случај не се оптоварува текстот, ниту се коси со европското законодавство. Напротив, во голема мера придонесува за она што до сега го говорев, да се внимава какви здруженија на граѓани и фондации се основаат во Република Македонија и која ќе биде целта на нивното понатамошно делување.

Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за гласале 16 пратеници, воздржани нема, против гласале 48 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1, поднесен од пратеникот Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има господин Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам почитуван претседателе,почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер.

Амандманот се однесува на документите кои што здруженијата на граѓани и фондации треба да ги поднесат до Централниот регистер при поднесувањето на барањето за упис.

Онака, како што предлага Владата предвидено е само да се доставaт документите како форма односно со актот за основање да се достави уште и статут на здружението, програма за дејствување и имиња на лица овластени за застапување на здружението на граѓани или фондации. Значи, со овој предлог од страна на Владата се брише претходното решение кое што беше во Законот и со кое што беше предвидено во таа ситуација судот да врши проверка и на статутот и на програмата кои што ги усвојува здружението и едноставно да внимава дали тие не се насочени против Република Македонија.

Членот 4 предвидува дека програмите и дејствувањето на здружението на граѓани и

фондации не може да биде насочено кон насилно уривање на уставниот поредок во Републиката, поттикнување или повикување на воена агресија и разгорување на национална, расна или верска омраза и нетрпеливост.

Сметам дека е добро ваквото решение да се усвои и Централниот регистер при примањето на документите од страна на здружението на граѓани и фондации покрај другото да изврши проверка и на програмата, на статутот како не би дошло до ситуации да се регистрираат здруженија на граѓани кои што евентуално за своето дејствување утре би се вклучиле во политичка кампања, во изборни активности или би биле насочени против уредувањето на Република Македонија, како што беше случајот пред многу години со едно здружение "Раскол" кое директно беше против Република Македонија. Сега, во оваа ситуација го бришеме тоа решение и едноставно само формално се поднесуваа документите без да се изврши проверка на нивната содржина што тие содржат и дали евентуално не се насочни против државата. Затоа мислам дека е добро да остане во рамките на Законот за едношалтерски систем, постои една одредба во членот 15 дека овластениот раководител на Централниот регистер може да формира стручен совет за одредени прашања. Мислам дека постои можност Централниот регистер да ја обавува и оваа дејност, односно да врши проверка на документите кои што ги поднесуваат здруженијата на граѓани и фондации при нивната регистрација, а се со цел да не се повторува историјата, или да го регистрираме па потоа судски да се поведуваат постапки и да се водат спорови, а јавноста во Република Македонија да се разбранува.

Затоа ги молам пратениците да го поддржат амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе,

Јас би сакал да дадам поддршка на овој амандман и навистина сум изненадена ако веќе претходниот амандман не беше прифатен, зошто овој амандман не е прифатен, бидејќи навистина мора да се има во предвид документие со кои што се цени програмата и документите со кои што се основа здружението на граѓани и фондации, затоа што и покрај тоа што јавниот обвинител, Законот дава можност да преземе мерки понатаму за укинување на одредено здружение, меѓутоа мислам дека многу пати здруженијата ќе си ја исполнат својата цел, а потоа ќе бидат укинати. Имаме случаи, особено непосредно пред изборите без разлика дали тоа се случуваше во претходниот мандат или порано да бидат формирани одрдени здруженија на граѓани се со една единствена цел да завршат одредена работа во корист на одредена политичка партија, и потоа за нив илеревантно дали ќе постојат или нема да постојат, односно дали ќе бидат укинати од јавниот обвинител.

Тука би сакала да посочам и конкретен пример, кој што многу добро ми е познат на сите нас пратениците, а исто така и на граѓаните на Република Македонија каде што непосредно пред изборите беше формирано здружението "Глас на светлината", каде што со денови и часови ги блокираше улиците на главниот град повикувајќи се на тоа дека тоа е желба на народот, меѓутоа, сведоци сме дека и двајцата први луѓе од тоа здружение, госпоѓата Марина Хрстова е вработена на висока функција во катастарот веднаш по завршувањето на изборите, со доаѓањето на новата власт, а нејзиниот тогаш исто така истакнат член на ова здружение има високо место во МЕПСО. Значи, тие двајцата беа многу злоупотребени односно целото здружение беше ставено во функција на одрдена политичка партија се со една единствена цел да делува на изборниот резултат.

Да не ни се случува ова и во иднина, повторно да немаме и злоупотреба, дури и тие во тој момент личности во целото здружение беа злоупотребени, иако после тоа беа добро наградени, дури поради госпоѓата Марина Христова беше отпуштен консултантот од Светска банка, затоа што таа немаше соодветни квалитети и не сакаше да ја стави на тоа место, да не ни се случуваат такви работи кои што негативно ќе делуваат на нашата земја и лошо ќе не преставуваат во очите на оние кои што имаат добри намери да вложуваат во нашата земја, во Република Македонија. Мислам дека е неопходно да се ценат документите при основањето на здруженијата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Сакам сосема накратко за да укажам на важноста или на потребата од проверка на прогамите на здруженијата и статутот. Да ги потсетам колегите пратеници дека има најава за формирање на канцеларија на невладината организација самоопределување од Косово во Република Македонија, која што директно може да има импликации и во Република Македонија или да ја вовлече во настаните кои што се случуваат во Косово. Кој во овој случај ќе врши проверка на прогрмата, на статутот, на документите на оваа невладина организација која ќе го поднесе барањето за регистрација во Централниот регистер. Затоа мислам дека е сериозно прашањето и молам за поддршка од страна на колегите.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 63 пратеници, гласале 59. За гласале 15, воздржано 1 и против 43.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од пратеникот Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Саша Василевски:** Овој амандман Владата го прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и амандманот станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 за менување на став 2, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Саша Василевски:** И овој амандман Владата го прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и амандманот станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 за бришење на став 3 поднесен од пратениците Ќенан Хасипи, Хади Незири, Роза Топузова Каревска и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Саша Василевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господин Ќенан Хасипи, повелете.

**Ќенан Хасипи:** Благодарам господине претседател.

Сметам дека претставникот на Владата можеше слободно да го прифати амнандманот бидејќи доколку внимателно се проанализира членот 53 од Законот за здруженија на граѓани и фондации ќе се види дека со него во целост е регулирано прашањето околу имотот и средствата на фондацијата или здружението, при што е дефинирано дека во намирување на обврските на фондацијата или здружението на граѓаните имотот и средствата на здружението на граѓани, или фондацијата ќе се користи на начин како што е предвидено во статутот на фондацијата или здружението. Тоа се вели во член 37 во Законот за здруженија на граѓани и фондации.

Со оглед на фактот што статутите на здруженијата на граѓани или фондациите се во согласност со одредбите на Законот за здруженија на граѓани и фондации, зашто во спротивност не можат да бидат регистрирани сосема непотребно текстот на законот поточно членот 11 се оптеретува со ставот 3. Затоа предложив да се избрише став 3 во член 11 и барам поддршка од пратениците на владеачкото мнозинство. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници, гласале 59. За гласале 13, воздржани нема и против 46.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмаот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 за менување на новиот став 4 поднесен од пратеникот Марјанчо Николов. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Саша Василевски:** Владата го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и тој станува составен дел на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за менување на став 2 поднесен од пратениците Весна Бендевска и Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Саша Василевски:** Владата го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и тој станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за менување на новиот став 4 поднесен од пратеникот Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Саша Василевски:** Владата го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и тој станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 поднесен од пратениците Ќенан Хасипи, Хади Незири, Роза Топузова Каревска и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Саша Василевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има господинот Ќенан Хасипи, повелете.

**Ќенан Хасипи:** Благодарам господине претседателе.

Во име на останатите предлагачи на амандманот ќе се обидам накратко да го образложам.

Лично сметам дека членовите 56 став 2 и член 58 став 1 се добри решенија и дека додавањето на зборовите "и секое заинтересирано лице", по зборовите "јавниот обвинител" е сосема непотребно од неколку причини.

Прво, јавниот обвинител согласно своите надлежности е единствениот меродавен орган кој може да покрене иницијатива за престанок на здружението на граѓани и фондации, а постапката ја води судски орган, кој е единствен орган кој може да донесе одлука за укинување на постоењето на здружението на граѓани или фондации, доколку истите работат спротивно на статутот и членовите три и четири од овој закон.

Второ, давањето на можност на секое заинтересирано лице да покрене постапка пред судовите за укинување на одредено здружение на граѓани или фондација е премногу волонтеристичко решение кое може да иницира вакви постапки од најразлични побуди и да доведе до најразлични злоупотреби и да ги оптерети непостребно судовите во Република Македонија.

Трето, со оглед на тоа што во Република Македонија се регистрирани поголем број на здруженија на граѓани или фондации, доколку не се институционализира постапката за престанувањето на здружението на граѓани и фондации ќе се иницира сосема непотребно голем број на постапки кои ќе бидат безпредметни и ќе створат хаос во оваа сфера.

Токму од овие причини што ги изнесов барам поддршка за амандманот од владеачкото мнозинство. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каровска, повелете.

**Роза Топузова Каровска:** Благодарам почитуван претседателе.

Јас навистина сум изненадена зошто претставникот на Владата не го прифати овој амандман, затоа што не само јас туку и голем број на здруженија на граѓани кои што ни се обратија до сите пратеници, и тука ќе има потпишано поголем број на здруженија, невладини организации кои што се преку 50-тина и повеќе и се согласуваат дека навистина една ваква одредба е апсолутно непотребна.

Имено, членовите 13 и 14 од Законот кој што ни се нуди интервенираат во членовите 56 став 2 и членот 58 став 1 од постојниот закон за здруженија и граѓани.

Навистина со овие членови, 13 и 14, дадени се надлежностите на јавниот обвинител кога треба да поведе постапка за престанок на здружението на граѓани и фондации, што е добро решено, меѓутоа навистина не ми е јасно зошто беше потребно овој текст да се оптовари со тоа секое заинтересирано лице може да поднесе иницијатива за престанок на здружението на граѓани, апсолутно нешто што само, како што кажа мојот почитуван колега не само може да ги оптерети судовите во нивната работа, туку навистина многу често може да биде и предмет на злоупотреба. Што значи поконкретно?

Доколку некое заинтересирано лице да не постои одредено здружение или фондација, затоа што можеби едноставно или им е конкурент, или пак едноставно не се согласува со тоа што тој го работи според неговите видувања и политички убедувања, или можеби расни или верски убедувања му се дава можност да поведат постапка пред судот.

Сметам дека е многу пологично ова заинтересирано лице да може, тоа го дозволува и Законот да се обрати до јавниот обвинител, а потоа јавниот обвинител да биде тој што ќе цени врз основа на аргументи и докази дали пред основниот суд ќе се поднесе постапка за престанок на одредено здружение на граѓани и фондации.

Значи, со прифаќањето на овој амандман имаме две придобивки.

Прво, да се избегне злупотребата, а потоа да не се доведе до оптеретување на судовите.

Очекувам од колегите од парламентарното мнозинство сосема сериозно, иако најголем дел од нив не ме слушаа ниту мене, ниту почитуваниот колега Ќенан Хасипи што објаснуваме сепак да дадат поддршка и овој амандман да биде усвоен. Со тоа навистина во голема мера ќе може да се придонесе и за подоброто и самостојно функционирање на здруженијата на граѓани и фондации. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 66 присутни пратеници, за гласале 19, воздржани 1 и против 46.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 16-А по членот 16, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Цветанка Иванова под архивски број 07-3639/35.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Саша Василевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Го повлекувам амандманот, затоа што претходно поднесениот амандман со кој што баравме здруженијата на граѓани да се занимаваат и со стопанска дејност не беше прифатен.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 16-а по членот 16 поднесен од пратениците Весна Бендевска и Цветанка Иванова, под архивски број 07-3639/36.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Саша Василевски:** Владата го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе,

Накратко во врска со овој амандман, предлагаме да се даде можност на заинтересирано лице да изврши увид во користењето на средствата во здруженијата на граѓани.

Мислам дека овој амандман треба да го подржат пратениците, бидејќи е во функција на поголемата транспарентност околу финансиското работење на здруженијата на граѓани за кое, сите ќе се согласите, сите сме заинтересирани.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, за гласале 18, воздржани нема, против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 16-а по членот 16, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Цветанка Иванова под архивски број 07-3639/37.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Со оглед на тоа што Владата не покажа подготвеност во Законот за здружение на граѓани и фондации да го воведе, да го прифати новиот концепт на категоризација на здруженијата на граѓани со назнака - Здружение на граѓани од јавен интерес, овој амандман станува безпредметен и затоа јас и колешката го повлекуваме.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 16-а по членот 16, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Цветанка Иванова под архивски број 07-3639/38.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Со овој амандман предлагаме здруженија на граѓани да можат да основаат во нашата држава и странци затоа што ова е стандард, ова го гарантира Европската конвенција и сметам дека Република Македонија е една од последните држави каде не можат странци да основаат здруженија на граѓани.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 66 пратеника, гласале 59 пратеника, за гласале 15 пратеника, 1 воздржан,против 43.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 20, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Значи со овој амандман со колешката се обидовме да го промениме членот 20 и тој да гласи:

Во членот 74 став 1 зборовите “парична казна од 20 илјади до 80 илјади денари” се заменуваат со зборовите “со глоба во износ од 350 до 1500 евра во денарска противредност”, а зборовите во ставот 1 алинеја 1 “здруженија на странци” се брише, а во алинеите 2 и 3 зборовите “Основниот суд” се заменуваат со зборовите “Централниот регистер”.

Почитуван претставник на Владата, станува збор за амандман кој се поднесува заради

усогласување на текстот на постојниот закон со Законот за прекршоците, а исто така бришењето на алинеја 1 во ставот 1 се предлага заради усогласување со членот 11 од Европската конвенција за човекови права која ја гарантира заштитата на слобода на здружување.

Дали имате логично и рационално објаснување зошто не го прифаќате овој амандман кога како единствена причина за поднесување на Предлог законот за изменување и дополнување на постојниот Закон наведувате усогласување со Законот за едношалтерски систем и Законот за прекршоци.

Вие и во текот на вчерашниот ден, на вчерашната расправа дозволивте постојниот Закон да содржи член во кој, како основачки влог на Фондацијата сеуште стои 10 илјади ДМ валута која веќе 5 години не постои. Тука е замената со евра. Повторно доаѓаме до истата констатација. Оваа Влада нема политички слух, оваа Влада нема политичка волја, оваа Влада глуми политички дијалог, оваа Влада не е во состојба да прифати амандман кој и колку да е конструктивен и рационален доаѓа од опозициони пратеници. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави заменикот министер за правда, повелете.

**Сашо Василевски:** Благодарам претседателе.

Во интерес на вистината и за јавноста очигледно пратеникот Бендевска не била во тек со овој амандман затоа што имаше амандман на Законодавно-правната комисија, прифатен е и усогласен со новиот Закон за прекршоци.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да ги пребројат пратениците и да ни доставaт точен број на присутни.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Во салта се присутни 63 пратеници, гласале 60 пратеника, за гласале 15, воздржани нема, против 45.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 23-а по членот 23, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Со оглед на тоа што повторно во овој амандман предлагавме начин на кој Владата ќе ја формира комисијата која ќе утврдува и одредува кој од здруженијата на граѓани го исполнуваат условот да се здобијат со статус на здужения од јавен интерес, амандманот е безпредметен и ние го повлекуваме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе, почитувани колеги, почитуван претставник на Владата на Република Македонија,

Ќе се обидам пред вас да го елаборирам ставот на пратеничката група на СДСМ околу Предлогот на Владата за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за здруженијата на граѓани и фондации, со Предлог на закон.

Пратеничката група на СДСМ нема да го подржи овој Предлог закон и јас ќе се обидам да ги наведам следните причини:

Прво, Владата на Република Македонија како основна причина за поднесување на овој Предлог закон за измена и дополнување наведе две причини. Дека во овој момент иако е вољна да работи на донесување на навистина квалитетен европски закон кој ќе ја регулира оваа тематика сака во интерес на времето да изврши усогласување на постојниот Закон со Законот за едношалтерски систем и Законот за прекршоци. Тоа ќе беше во ред доколку Владата не се обиде на мала врата под тепих да протурка и содржински значајни изменувања кои се однесуваат на следното:

Прво, преререгистрацијата на здруженијата на граѓани и фондации Владата се обиде сосема спротивно од членовите 3 и 4 од постојниот закон каде здруженијата на граѓани и фондации им се забрануваше политичка активност и членот 4 кој вели дека Програмата и Статутот на здруженијата на граѓани и фондации не смеат да бидат насочени кон насилно уривање на уставниот поредок, поттикнување на воена агресија или разгорување на национална, расна или верска омраза и нетрпеливост, со овој Предлог закон Владата донесува законско решение каде, за жал, ќе може да бидат формирани здруженија на граѓани и фондации кои ќе се бават со политичка активност или не дај боже ќе бидат насочени кон насилно уривање на уставниот поредок во нашата земја.

СДСМ нема да подржи ваков законски предллог.

Исто така на мала врата направен е обид при управувањето на здруженијата на граѓани и фондации да им се забрани на вработените да учествуваат во извршните органи на истите, што е

сосема спротивно од практиката на европското законодавство.

(Во 12,36 часот со седницата продолжи да раководи Бесим Догани, потпретседател на Собранието).

И оваа одредба СДСМ нема да ја поддржи.

Што е многу суштински и важно, а на кое не добивме одговор, Владата се обиде да изврши промена на распределба на имотот на здруженијата на граѓани и фондации во моментот на нивниот престанок. Тие сметаат дека секое заинтересирано лице, без обид да го детерминираат тој поим, да го определат за да знаеме кое заинтересирано лице може да поведува постапка пред суд за распределба на имотот што на овој закон му дава една двојна димензија, согласно тоа што не се обидела да реагира во членот 20 и членот 37 каде што постојниот Закон определува статутите на здруженијата на граѓани и фондации да определуваат начин и постапка за распределба на истиот имот.

Сметаме дека со ова ќе се направи навистина хаотична ситуација и пред судовите и внатре во здруженијата на граѓани организационо и кај фондациите.

СДСМ нема да подржи ни вакво креирање,намерно креирање на хаос во вака важна сфера како што е невладиниот сектор.

Исто така обидувајќи се ваквото предлог решение да го избрза да го протурка, Владата на Република Македонија, за жал, не успеа да измени една сериозна одредба во членот 32 каде како основачки влог на фондацијата сеуште стои 10 илјади ДМ. Бидејќи како вредност и валута се знае дека не постои, немаше ниту осет ни слух да го прифати нашиот амандман каде вредноста наместо во ДМ се обидовме да ја изразиме во евра.

Владата немаше ни осет, што е навистина нерационално решение, да го прифати нашиот амандман во членот 39 каде што како органи на фондацијата не се наведени само Управниот одбор, туку и Надзорниот одбор со оглед на тоа што законот предвидува статутот да определи начин на кој ќе се врши надзор на финансиското и материјалното работење на фондацијата.

Во текот на вчерашната пленарна расправа пратеникот од ВМРО-ДПМНЕ Александар Николовски го образложи ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ каде што наведе дека и тие се свесни за потребата од донесување на нов квалитетен европски закон кој ќе ја уреди оваа сфера со која апсолутно ни се допираат и нашите ставови. Но, ќе го цитирам неговото последно излагање. Господинот Николовски рече:

Сметам дека е фер ова да го прифати опозицијата, ако ништо друго, заради тоа што најголем дел од тие здруженија на граѓани и фондации се токму нивни поддржувачи и идеолошки и практично.

Сметам дека господинот Николовски го сублимираше ставот не само на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, туку и на Владата предводена од истата политичка опција. Сметајќи и обојувајќи го,неправедно, граѓанскиот сектор, невладиниот сектор како поодржувач и идеолошки обоен кон една политичка опција, Владата се обиде не да донесе измена на Законот се со цел да ја подобри материјата, туку Владата овозможи во еден вакум простор до донесвување на новиот закон да може да го контролира и овој многу значаен сектор во нашето општествено живеење, што навистина е многу сериозен обид Владата предводена од ДПМНЕ да се постави над сите општествени сегменти во Република Македонија .

Ова не оди во прилог на демократизацијата на нашата земја, ова не оди во прилог на евроатланските аспирации на Република Македонија за кои Владата само декларативно се залага.

Пратеничката група на СДСМ остро протестира против ваквиот обид на мала врата да се прави обид граѓанските здруженија и фондации да се стават под капата на една политичка опција, тоа е ВМРО-ДПМНЕ, за жал, во овој момент на власт во Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Бендевска.

Уште еднаш ви напоменувам имињата на политичките партии да ги именувате така како што се регистрирани за да не отвориме пат кон процедурални дискусии.

Следна за збор се јави Роза Топузова-Каревска, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван претставник на Владата на Република Македонија, почитувани колеги пратеници,

Јас би сакала сосема на кратко да кажам зошто не е прифатлив за мене и за ЛДП овој Предлог на закон. Пред се, принципиелно не гледам зошто беше потребно Владата да ни достави ваков Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здруженија на граѓани и фондации кога и самите пратеници од парламентарното мнозинство констатираа дека навистина ни е потребен еден многу поквалитетен закон кој во голема мера ќе регулира поголем број на одредби од Законот за здуженија на граѓани кој ќе биде во согласност и хармонизиран со законите од Европската унија, па дури и со законите од соседните земји.

За жал, таков предлог не видовме и покрај тоа што идеата која овде се кажува во самиот Предлог на закон дека овој закон се донесува и се однесува да регулира две прашања и тоа прашањето на надлежен орган за регистрација здруженија на граѓани и фондации што е во согласност со Законот за едношалтерски систем кое не е така, се докажа и со неусвојувањето на амандманите со исклучок на еден амандман каде се регулира времето во кое треба да биде

регистрирано здружението на граѓани и фондации односно усогласување со Законот за едношалтерски систем всушност да биде регистрирано во рок од 5 дена иако она што ни беше овде предложено беше предвиден рок од 30 дена и тоа е добро, но тоа е единственото добро што се усвои и што навистина ќе биде усогласено со едношалтерскиот систем.

Втора работа што казните - глоба изразени во евра,паричните казни треба да се во согласност со останатите закони. Тука не е ништо спорно.

Меѓутоа, почитувани колеги пратеници, намерата на Владата не е единствено ова што сега го зборувам. Не се работи само за технички измени и усогласување со Законот за едношалтерски систем и Законот за прекршоци, туку со вака доставениот Предлог на закон се регулираат и суштински прашања во врска со управувањето на здруженијата, што, мора да признаеме сите е многу суштествено прашање, тоа е престанокот и распределбата на имотот на Здруженијата на граѓаните и фондациите. Токму поради тоа несериозно се пристапува кон решавање на овие прашања. Не само што не беа земени во предвид укажувањата на пратениците од опозицијата, не беа земени предвид дури и некои укажувања од пратениците на парламентарното мнозинство. А, што е најжалосно, не беа земени предвид укажувањата од невладиниот сектор, односно од оние кои најмногу ги засега овој закон и кој закон треба да претставува правна рамка за нивно натамошно функционирање, регистрирање, секако и нивниот престанок, доколку не го почитуваат одредениот закон.

Одредбите што се однесуваат на суштински прашања, во врска со управувањето, во членот 1, за жал останаа истите. Не се прифати вработените да можат да членуваат во извршните одбори, што е многу логично, затоа што извршните одбори не се органи на управување, туку се органи што ја извршуваат дејноста. Не гледам што беше тука нелогично да не биде прифатен овој амандман.

Потоа, одредбите за престанок што се определени со членовите 13 и 14 исто така не беа прифатени амандманите. Како може да дојде до престанок на функционирањето на едно здружение, па се остави можност да, покрај Јавниот обвинител да може секое лице, заинтересирано, како што е кажано, да може да поведе постапка пред надлежниот суд директно, без да се обрати до Јавниот обвинител, при што ќе се направи злоупотреба и на судовите со нивна оптовареност, како и злоупотреба во независноста на функционирањето на невладиниот сектор.

Не беа земени предвид ни забелешките на членовите 11 и 12 што се однесуваат на распределба на имотот на Здруженијата на граѓани и фондации. Сметам дека со тоа се направени суштински измени што не одат во прилог на функционирањето на здруженијата и граѓаните во Република Македонија, ниту пак на нивната независност.

Би сакала да спомнам дека и членовите што се однесуваат на регистрацијата од два и десет, не се земени предвид амандманите предложени за нив, со цел да се задржи решението во членот 47 од досегашниот закон, со што органот за регистрација врши проверка на усогласеноста на статутот и програмата со условите предвидени во Законот за здруженија на граѓани и фондации. Се даде можност на Централниот регистар, без да провери она што е содржано во членовите 3 и 4 од постојниот закон, без да го проверат статутот, во членовите 3 и 4 сме кажале за нарушувањето, нарушување на уставниот поредок, поттикнување на нетрпеливост, верска омраза како и било какви други видови на нетрпеливост не се земаа предвид. Притоа кажав, не се врши проценка на статутот и програмата и условите предвидени со Законот за здруженија и граѓани, туку секој кој ќе поднесе барање до Централниот регистар ќе биде земено во предвид и ќе биде регистрирано такво здружение на граѓани и фондации. Сметам дека ова ќе доведе до непотребен хаос во функционирањето на здруженијата на граѓани и фодации.

Токму поради тоа, да, се согласувам со голем број на пратеници дека, навистина, нам ни е потребен закон, но сериозно изработен, со јавни трибини, присуство на невладиниот сектор, да ги слушнеме нивните мислења, а не само да бидат декор на тие трибини. Тоа што е важно и суштинско за нивната работа и нивното делување, да биде вткаено во законот.

Ваквите измени, не само што под маската дека се прави усогласување со Законот за едношалтерски систем и Законот за прекршоци, ни се подметнуваат некои решенија што во голема мерка ќе го уназадат дејствувањето на здруженијата на граѓани и фондации. Значи, апсолутно нема никаква оправданост за носење на еден ваков закон, па токму поради тоа нема да дадам поддршка на законот. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Топузова - Каревска.

Збор има пратеникот Николовски Александар. Повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам потпретседателе.

Во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ би сакал кратко да кажам дека ќе го поддржиме Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здруженија на граѓани и фондации. Сметам дека ова е првиот чекор во ново нормирање и ново решавање на граѓанскиот сектор, што ќе значи усогласување на нашите норми со европските норми, или уште поконкретно, со нормите што генерално доминираат во Југоисточна Европа, затоа што нашиот граѓански сектор наоѓа најмногу партнери токму во овој дел. Сметам дека, почнувајќи со

усогласувањето на овој закон со Законот за едношалтерски систем и Законот за прекршоци треба во наредниот период да одработиме неколку законски проекти, пред се нов Закон за здруженија на граѓани и фондации, потоа закон за волонтаризам, закон за филантропија и закон за донации, со што целосно ќе го уредиме секторот и ќе му дадеме можност на секторот, во наредниот период успешно да се развива.

Истовремено, би сакал да го искажам незадоволството што толку долго успеавме да ја развлечеме оваа точка и се доведовме во ситуација да 4 месеци здруженијата на граѓани бидат во пат позиција.

Останатите делови што ги спомнаа колегите пратеници по однос на ориентацијата и она што сум говорел, нема да ги коментирам. Јас стојам зад тоа што сум го кажал, а уште повеќе зад тоа стојат голем број на теоретичари од граѓанскиот сектор, кои го кажуваат истото. Јас би бил уште посреќен кога не би било така, кога би било обратно, кога би биле десно ориентирани. Но, за жал, не е така.

Уште еднаш ќе повторам, ќе го поддржиме законот и активно ќе работиме на носење нов пакет закони, при што би го повикал Министерството за правда да ги вклучи сите пратенички групи, односно да има претставници од сите пратенички групи и да има претставници од сите релевантни здруженија на граѓани и фондации. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николовски.

Пратеникот Бендевска Весна, реплика три минути, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Ќе го искористам моето право да реплицирам само во интерес на вистината, на вистинското информирање на јавноста во Република Македонија.

Оваа точка на дневен ред, на 12-та седница Предлог - закон за изменување и дополнување беше започната на 29 ноември 2006 година. Истиот тој, седницата се прекина во текот на амандманската расправа. Следниот пат, ми се чини кон крајот на јануари ја добивме 12-та седница, продолжението на 12-та седница, кога ни беше соопштено дека, поради неприсуство на овластен претставник на предлагачот т.е. Владата на Република Македонија точката се одлага. И, во текот на вчерашниот ден, значи трет пат ова Собрание расправаше околу Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации.

Импликацијата што ја кажа претходниот говорник, дека некој се обидува да ја развлекува оваа точка повеќе од 4 месеци, не држи вода. Оној кој ја развлекуваше оваа точка беше претседателот на Собранието на Република Македонија кој, од првиот ден до денеска се обидува и тоа мошне успешно да режира состојба на хаос во работата на Собранието на Република Македонија. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

За збор се јави пратеникот Кондарко Борис, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Само на кусо ќе се обидам да го кажам моето мислење во врска со овој Закон за здруженија на граѓани и фондации. Секако, нема да се повторувам со моите колешки од СДСМ кои ги образложија причините поради кои ние нема да го поддржиме законот. Ќе кажам за она што не беше опфатено и секако, ќе го искажам моето негативно мислење кон аргументите на позицијата и односот на Владата по однос на аргументите на опозицијата.

Мислам дека од 27 поднесени амандмани за подобрување на текстот на овој закон, со прифатени само 4 или 5 амандмани од технички карактер, не се покажува политичката волја за соработка и кооперативност за вака значаен сегмент, како што е невладиниот сектор, да се уреди на еден навистина објективен и принципиелен начин без да се остава простор за одредени можности за злоупотреби и манипулации од страна на било кои политички структури.

Наместо да ни е тенденцијата поголемо осамостојување на невладиниот сектор ние го правиме, односно Владата го прави токму обратното. Мислам дека ова е една од омилените области, невладиниот сектор или теми на ВМРО-ДПМНЕ преку што решила да завладее и со овој сегмент од општественото живеење. На овој начин, без пардон, со некои решенија во измените на овој закон, навлегува директно со политика во невладиниот сектор. Мислам дека способностите на оваа политичка партија за определени политички манипулации со определени, нагласувам, определени, се оградувам, да не бидам лошо сватен, невладини организации кои што под плаштот на невладиниот сектор ги формираа со одредена цел, за одредена намена или проект, мислам дека е својствена карактеристика во политичкото функционирање на ВМРО-ДПМНЕ.

Јас нема да се повторувам со мојата колешка Весна Бендевска, која говореше за распределбата на имотот при нивниот престанок, кои работи се овде негативни со овие решенија што се предвидени, понатаму за можноста да им се дадат одредени сегменти невладините здруженија да се занимаваат и со политички активности, понатаму за надзорот на материјално-финансиското работење на невладините организации и, што е од особено значење, што се коси со основните човекови права, а тоа е можноста на вработените во овие невладини организации да бидат и членови на овие невладини здруженија, бидејќи знаеме дека

извршните органи не се органи на управување. Мислам дека тука се прави голема рестрикција и неправда.

Сакам да се задржам на една работа, накратко, да ја издвојам, тоа е во членот 13, односно во членот 14 од измените на овој Закон. Со нив се менуваат членовите 56 и 58 од постојниот Закон. Дека, покрај Јавниот обвинител и секое заинтересирано лице, од сега па натаму, ќе може, доколку се сомнева дека здружението или фондацијата остваруваат активности надвор од она што е предвидено во законот, односно статутот, да покренат иницијатива пред надлежниот суд за престанок на ваквото здружение или фондација.

Мислам дека оваа одредба не беше доволно коментирана и недоволно се посвети внимание да се образложи во јавноста што ова ќе значи.

Прво, се удира по интегритетот и независноста на невладините здруженија. Затоа што, ако секој, без никаква процедура, без никакви предвидувања на претходни услови, критериуми или постапка, ако буквално секое физичко лице ја има таа можност да обвини или осомничи некое вакво здружение или поединци од тоа здружение дека не ги извршуваат работите и својата дејснот, согласно Законот, согласно статутот, тоа може многу лесно да се претвори во етикетирање, политичко етикетирање или етикетирање со можна политичка заднина, само за да, било кое здружение или поединец да се оцрнат во јавноста од една страна, а од друга страна се губи можноста, како што досега постоеше, Јавниот обвинител, бидејќи тоа му е институционална должност, како институционален филтер да ја врши таа работа, односно да проценува дали некоја иницијатива е основана или не. Дали за некоја иницијатива се поднесени или постојат основани сомневања да се поведе постапка пред судот или не.

Сега, Јавниот обвинител се става на страна и таа иницијатива, таа можност се препушта на било кое физичко лице, што мислам дека може да доведе до хаос. Затоа што, ако некој, поради некоја цел или било која заднина, нетрпеливост, анимозитет се осмели или се здружат да етикетираат некоја невладина организација, можат многу лесно тоа да го направат, независно од тоа каква ќе биде конечната одлука на судот. Дали судот тоа ќе го прифати, дали тоа ќе се докаже или не, доволно ќе биде само во јавноста да се поведе таква постапка и веќе некому да му остане црна дамка, иако, можеби, тоа е неоправдано.

Затоа е многу битно она старо решение што беше досега, да единствено Јавниот обвинител тоа го проценува, бидејќи Јавниот обвинител како надлежна институција сепак ќе има поголема одговорност и поголема стручност од било кое физичко лице да ги цени овие факти и аргументи.

Како додавка на претходно кажаното, сакам да образложам и да протестирам против губењето во членот 59 став 5, бришењето на став 5 од членот 59 каде што стои можноста за употреба на вонреден правен лек, тоа е барање на заштита на законитоста против правосилно судско решение што се однесува за бришењето на регистрацијата, односно за престанок на некое здружение.

Се ускратува правната процедура со бришењето на еден вонреден правен лек, што е заштита на законитоста, што преку Јавниот обвинител може да се врачи до судот. На овој начин, власта покажува уште една доза на рестриктивност во однос на оваа сфера, што значи дека ги заострува критериумите кои се однесуваат на формирањето, односно на егзистирањето или бришењето, односно престанокот на овие здруженија на граѓани.

Поради сите претходно наведени и образложени причини, за кое што, исто така, повторувам уште еднаш, власта, претставникот на Владата, заменикот на министерот за правда кој го брани овој закон, пратениците на ВМРО-ДПМНЕ не најдоа, освен онаа фраза “амандманот се одбива”, кога се работи за амандмани на опозицијата, не најдоа аргументи со кои што ќе не убедат зошто се одбиваат или ќе образложат зошто се одбиваат овие амандмани, да влезат во дебата, да се соочат аргументите, значи со фрази и флоскули дека ова значи дека, всушност, власта им помага на граѓанскиот, на невладиниот сектор, меѓутоа испаѓа си помага самата на себе си за остварување на некои свои политички цели што сака да ги протурка преку овој закон.

Затоа, поради сите овие причини нема да го поддржиме овој закон како опозиција.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, за гласале 49, воздржани неме, против 14 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за здруженија на граѓани и фондации.

**Минуваме на точка 19 - Барање за давање автентично толкување на член 70 од Законот за основното образование, поднесено од пратеникот Ратко Димитровски.**

Барањето и извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Ратко Димитровски. Повелете.

**Ратко Димитровски:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, ова мое барање го имам поднесено уште во месец септември и за жал,

заради тоа што сме во ситуација, каква што сме сега, дури и после 7 месеци доаѓа на дневен ред. Меѓутоа, мислам дека нашето сеќавање мошне добро ни служи односно таа пракса продолжува на некои места и понатаму, па потребно е и вас а и широката јавност да ја запознаам со ова мое барање во поконкретна форма.

На многумина од вас, а на нас во Кочани посебно ни е познато како се вршеше владеење на СДСМ. Имено, случаите кои ги имаше во Кочани се во рубриките, верувале или не, и такви случаи има повеќе, како на пример заверка на продажба на новороденче, злоупотреба на функции од страна на раководители во разни државни институции, а најизразит е примерот во делот на вработување и тоа пред се вработување во образованието.

Моето прашање токму се однесува на вработувањето, бидејќи во владеењето на СДСМ, ако човек не е близок на СДСМ, немаше шанса да биде вработен во образованието.

Во текот на 2005 и 2006 година беа распишани повеќе јавни огласи за избор на одделенски наставници...

(Реакции и негодувања од пратениците на СДСМ)

Јас вас ве слушав, треба сега и вие да ме слушате. Јас не зборувам за кампања, јас зборувам за моето барање кое се однесува за вработувањето во образованието што го вршеа ваши активисти.

Во огласите во училиштата, во градот Кочани, господине Макрадули, се вработиле лица кои биле членови или се блиски на сегашната опозициона СДСМ.

Членот 70 за кој барам толкување, јасно кажува односно вели: “Предност при вработување во основно училиште, под исти услови, имаат наставници и стручни соработници кои работат во селски населби и во потешки услови за работа”. Токму тоа е и моето барање за толкување на членот 70, дали овој закон се применува или не се применува. Ќе го потврдам тоа со еден конкретен пример кој треба да ја отслика целокупната состојба. Имено, на еден конкурс за избор на наставник, кандидат беше ќерка на кандидат за пратеник кој во тоа време беше предложен од страна на ВМРО-ДПМНЕ. Истата личност беше распоредена, 7-8 години да работи во најзафрлените селски краишта, а на нејзиното барање за префрлување односно после нејзината пријава за префрлување во градот, таа беше одбиена.

Да скратам, само ќе повторам, односно ќе го цитирам она што го констатира Законодавно-правната комисија дека одредбата е доволно јасна и прецизна и барањето за давање на автентично толкување не е оправдано.

Што сакам да кажам тука. Имено потребно е таквите политички вработувања во наредниот период да се избегнуваат и потребно е сепак да се почитуваат законите кои ние овде ги донесуваме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави господинот Тале Герамитчиоски.

Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам господине претседателе.

Ако добро се прочита образложението од Законодавно-правната комисија, тие веќе му одговориле на пратеникот, така како што Законот налага.

За да биде појасно за јавноста и за пратеникот, дозволете да објаснам практично како се реализираше тоа.

Во едно училиште во градска средина се ослободува работно место за наставник. Според Законот, директорот, бидејќи наставниот процес тече, до 30 дена ангажира на определено време работник кој ќе ги држи часовите, без оглас, а во рок од 30 дена треба да објави оглас за тоа работно место. За тоа работно место, иако трајно се ослободило, треба да добие мислење од Министерството за финансии дали тоа ќе се финансира трајно, за да го распише конкурсот на неопределено време.

Бидејќи и во претходната влада и во предпретходната влада такви согласности не се добиваа едноставно, тогаш се распишуваше конкурс на определено време до 31 август, значи до крајот на тековната учебна година.

Според Законот, има одредба, оние кои работат во потешки услови имаат предност кога ќе конкурираат на огласот. Но, ако тие се на неопределено време вработени во некое селско училиште и конкурираат на тоа работно место кое е отворено во градот, тогаш треба да се согласат дека под исти услови ќе се вработат на определено време, бидејќи огласот не е на неопределно време, туку е на определено време. Комисијата тоа добро ви го посочила и уште повеќе, на два наврати од Уставниот суд имаше забелешки за укинување на овој дел од членот, од потешки во полесни услови за работа, само за да не се злоупотребува политички. Тоа проверете го. Оние директори кои биле менувани и во почетокот на 2003 година, еве биле декларирани како членови на ВМРО-ДПМНЕ, од училиштата во селските средини редовно биле преместувани како наставници во градските средини. Тоа најодговорно ви го тврдам, можете тоа да го проверите. Значи ние не практикуваме такви ситуации на реваншизам, како што сега се практикуваат, сменети директори од СДСМ. Од централно училиште во Прилеп се пратени во Бучим, или не знам, каде што треба да ја изведуваат наставата. Значи ние тоа не го практикуваме и јас ќе ви докажам, ако сакате, и писмено за тоа. Значи, Законодавно-правната комисија детално ви го образложила законски како се регулира овој процес.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За процедурална интервенција се јави господинот Трајко Вељаноски.

Повелете.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам претседателе.

Во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, барам пауза од 15 минути за договор за понатамошна работа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Давам пауза од 15 минути.

(По паузата седницата продолжи во 13,33 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со седницата.

Има збор, господин Влатко Серафимов . Повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господине претседател, почитувани колеги пратеници,

Сметам дека од едно обично толкување на еден член 70 од Законот за образование дојде до една ситуација во која верувајте ми не сакав ниту да се јавам за збор, меѓутоа, испровоциран од дискусијата на претходниот колега имам потреба да се јавам, бидејќи се работи за градот Кочани, град од кој што доаѓаме заедно со господинот Ратко Димитровски. Најмалку очекував дека ќе се фрла дрвја и камења за градот Кочани, бидејќи двајцата доаѓаме од исто место, од ист град и наместо да се залагаме за просперитет на градот Кочани и на целиот регион, ние се препукуваме за некои работи што мислам дека не држат место и не беа искажани во права смисла на реалната состојба во градот Кочани.

Кога зборуваме за партизација на образованието, јас би го потсетил господинот Димитровски дека просветниот инспектор кој што работи на подрачјето на градот Кочани е близок до владеачката партија на ВМРО-ДПМНЕ. Дали тоа вие ќе го кажете во интерес на македонската јавност или нема да го кажете, тоа е вистината и човекот си ја работи работата на најсовесен и најпрофесионален начин. Без разлика дали припаѓа на некоја политичка опција или не, тој е добар, го следи Законот за образование и сметам дека досега немало никакви проблеми во таа смисла, барем во образованието.

Инаку, да ве потсетам, во Стручното средно училиште има стручни кадри кои работат во време кога на власт беше ВМРО-ДПМНЕ и истите луѓе си ги заземаа местата и си добија решенија за постојан работен однос, бидејќи 4 години беа непрекинато во образованието. Затоа, сметам дека овие инсинуации кои беа искажани од претходниот дискутант не држат ниту место ниту вода. Наместо да се залагаме за образованието во Кочани да добие една слика на европско образование, во кој имаме еден средношколски училишен центар што е во рамктеи на едно од најопремените и најдобрите средни училишта во Република Македонија, наместо да се залагаме основното образование да вади уште поквалитетен кадар, ние се залагаме за едни решенија кои се ниту во интерес на граѓаните на градот Кочани, ниту во интерес на граѓаните на Република Македонија. Јас не знам што е за вас партизација, меѓутоа, подрачна единица на “Македонски шуми” во еден град во Република Македонија, замислите, ќерката директор, таткото технички директор, мајката книговодител. Дали тоа не е партизација? Или е тоа стручност? Дали луѓе кои само заради политичката опција која што ја застапуваат и патуваат повеќе од 100-тина километри за да стигнат до нивното работно место, тоа ќе го искорениме, кога тоа ќе го оставиме зад нас, можеме да размислуваме и за Европа.

На крајот, партизација: во Владата на Република Македонија имаме маж и жена кои се на две раководни места. Тоа е непотизам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави господин Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Господине претседателе,

Би сакал да изнесам едно мислење во врска со процедурата по овие прашања по Автентичното толкување. По Автентичното толкување во Собрание на пленарна седница не се расправа, туку Извештајот на Законодавно-правната комисија се усвојува или се одбива. Под такви прашања не се отвораат политички дилеми или политички прашања, туку само се утврдува дали решението во тој член од Законот е јасно или не е јасно. Според тоа, ако има грешка во Извештајот може да се земе збор, ако не само се усвојува Извештајот на Комисијата. Да не си го компликуваме животот, се што е наша политичка дилема може да изнесеме кога расправаме по други прашања и во друга форма, кога нешто друго е на дневен ред. По ова толкување не. Инаку, ќе направиме таков преседан по сите тие извештаи од Законодавно-правната комисија ако почнаме да расправаме за политички прашања и нема да има крај. Ете, тоа е еден од знаците каде ни влегла и таа потреба за политички расправи, и таму каде што нема место. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, ќе го земеме тоа во предвид.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање автентично толкување на член 70 од Законот за основно образование, поднесено од пратеникот Ратко Димитровски, не е оправдано и нема потреба од давање автентично толкување на овој член од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој Заклучок, заедно со Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија, да се достави до пратеникот Ратко Димитровски.

Ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата, пред да преминеме на гласање.

Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, сите 63 пратеници гласале за.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

**Минуваме на точката 20-Предлог на одлука за основање на анкетна комисија за испитување на поседување прислушни уреди од страна на политичките партии.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Благодарам претседателе,

Не можам а да не започнам со една констатација, која е типичен пример за тоа како ја организираме работата во Собранието на Република Македонија, верувале или не, ова барање е примено на 31.10.2006 година , а е ставено на дневен ред, односно го разгледуваме денес, што во превод значи дека поминале 5 месеци, тече 6-тиот месец одкако е поднесена иницијативата, а иницијативата е поднесена во еден период кога темата беше исклучително актуелна, се разбира вакви анкетни комисии се формираат како што е познато во моменти кога темата е на анализирање и жалосно е што се изгуби темпото и динамиката и што мораме денес да ја разгледуваме. Таква е состојбата кај нас во Парламентот, никогаш не е доцна Парламентот да се зафати со една тема што е, ќе се согласиме сите не само како политичари но и како граѓани на Република Македонија, актуелна подолг период и тема што подолго ја окупира домашната и не само домашната јавност, бидејќи се работи за една мошне деликатна тема, а тоа е прислушкувањето во Република Македонија. Од друга страна да изразам задоволство што оваа иницијатива на пратеничката група на ЛДП беше поддржана, прво да се формира оваа анкетна комисија преку потписи, а подоцна да се стави на дневен ред како дополнителна точка на овој дневен ред што го разгледуваме од сите политички партии, односно од пратениците на сите пратенички групи во Парламентот, освен од пратеничката група на СДСМ.

Да потсетам, се работи за една директна информација која што ја пласираше претседателот на НСДП почитуваниот господин пратеник Тито Петковски за поседување системи за прислушување од страна на 4 политички партии, што несомнено во македонската јавност, а ќе кажам и не само македонска, предизвика вознемиреност и загриженост не само кај политичките партии, туку и кај пошироката јавност бидејќи е факт, ако се прислушкуваат политичари во Република Македонија, тоа значи дека може секој граѓанин да биде опфатен во таа мрежа.

Ќе ја цитирам изјавата за да знаеме точно за што разговараме. Господинот Тито Петковски изјави во Парламентот на Република Македонија:” Јавна тајна е дека сите поголеми партии во Македонија имаат свои уреди за прислушкување. Не треба да затвораме очи пред реалноста. Секако дека поголемите партии што биле во ситуација да се натпреваруваат со политичките конкуренти користеле свои методи за добивање информации”.

Ова според нас, доколку постојат такви прислушувања од страна на политичките партии, е едно сериозно прекршување прво на човековите права, потоа на Уставот и се разбира на законите во Република Македонија. Нас како ЛДП, верувам и сите политички партии ги интересира која е таа политичка партија која има такви, или политички партии кои имаат и користат такви системи за прислушкување и колку време всушност тоа функционира во Република Македонија.

Мошне сериозно пристапивме кон оваа изјава на господинот Тито Петковски, бидејќи се работи за еден исклучително искусен политичар, кој знае да даде изјава во потребно време-одтаму мислиме дека неговата изјава е дадена токму во овој период кога се сака да се отвори таа тема, а да не заборавиме дека се работи за поранешен претседател на Собранието на Република Македонија, што дава уште поголема тежина на целата изјава и што е според нас најважно, се работи за човек кој што во својата политичка кариера долго години беше меѓу врвните луѓе во СДСМ, односно лидер на НСДП, значи од друга страна познавач на состојбите и во актуелната Влада на Република Македонија, бидејќи како што знаете НСДП е коалиционен партнер кој го поддржува владиното мнозинство, што значи ги познава во секој случај состојбите во ВМРО-ДПМНЕ, ДПА итн.

Ние се обидовме, се надевам успеавме, во целата оваа иницијатива никој да не препознае еден маркетиншки трик од страна на опозицијата во Република Македонија и токму од тие причини предложивме оваа Комисија да не ја води опозицијата туку да ја води член, пратеник од парламентарното мнозинство и тоа за нас е најдобро. Затоа предлагаме да биде токму господинот Тито Петковски, затоа што според нас е најсоодветен да ја води оваа Анкетна комисија како човек не само што ја даде иницијативата односно што ја отвори оваа диолема, туку и како човек што ги познава состојбите на политичката сцена во Република Македонија.

Понатаму, како што е познато во текстот односно во она што го предлагаме, Анкетната комисија треба да биде составена од 1+6 членови, значи освен претседателот да имаме 6 пратеници, што

ќе каже во превод дека ќе има претставници од секоја политичка партија, односно парламентарна група која е присутна овде во Собранието на Република Македонија.

Би заклучил на крај, за да не должам, дека пред сите нас е една историска дилема која мора да ја разрешиме. Се наоѓаме пред две можни сценарија, или повторно како политичари во Република Македонија ќе ја бутнеме главата во песок и со ноевиот комплекс ќе се правиме дека ова не постои во Република Македонија, дека ова не е голем проблем, или пак конечно како парламентарци и политичари ќе се зафатиме со вистинско решавање на овој случај, односно да дознаеме навистина дали во Република Македонија политичките партии користат уреди за прислушкување, односно ги прислушуваат политичките конкуренти. Значи многу убаво дилемата која што ја отвори господинот Тито Петковски со реченицата “Не треба да затвораме очи пред реалноста”, јас го повикувам Парламентот, односно во име на пратеничката група на ЛДП ги повикувам сите останати пратеници навистина да не ги затвораме очите пред реалноста и конечно да дебатираме во Парламентот, а тоа е вистинско место за дебата, да ја отвориме оваа тема како што е во Предлогот.

Во рок од четири месеци да се даде извештај до Парламентот да можеме конечно пред македонската јавност, а јас ќе кажам не само пред македонската јавност, ќе кажеме и ќе докажеме дека сме способни да ги разгледуваме овие теми и да не се криеме пред фактот без разлика дали се работи за една болна тема или не.

На крајот да кажам дека уште еднаш очекуваме поддршка, бидејќи потпис дадоа пратениците од сите парламентарни политички партии, со исклучок на парламентарната група на НСДП.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Рахиќ дали ви се доста седум минути, или ќе прекинете, па ќе продолжите после паузата.

**Есад Рахиќ:** Ќе завршам.

**Љубиша Георгиевски:** Добро. Повелете.

Има збор господинот Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Значи до 14 часот ќе се обидам да завршам.

Почитуван претседателе, драги колеги пратеници, пред нас е Предлог на одлуката за основање на анкетна комисија за испитување на поседување прислушни уреди од страна на политичките партии, односно опрема за прислушкување.

Ова беше предлог, како што рече и господинот Жерновски, на еден наш колега, кој се почувствува засегнат заради информациите кои ги имаше дека во претходниот период, тој како политичар, односно лидер на политичка партија бил прислушкуван од друга политичка партија. Веднаш да кажам дека јас сум еден од потписниците. Таму имаше десетици колеги потпишано што сметам дека е добро за самата иницијатива, меѓутоа, она што го рече колегата Жерновски, сметам дека начинот на кој се изработува оваа тема, или по колку време доаѓа на ред, дали по наша вина, тука не сакам да дискутирам, после пет месеци е несериозно за ваква тема да дискутираме вака на овој начин. Мене ова повеќе ми личи на Черчиловска, ако сакаш да не се заврши работа, формирај комисијас Сега ние треба да формираме комисија од шест члена со еден претседател, која што според член 2 ќе мора да соработува со Владата, Министерството и Јавното обвинителство. Јас не знам зошто тогаш ни треба нам комисија, кога тоа можеше дирекно да го прават и овие институции во системот, односно Јавното обвинителство и Министерството за внатрешни работи кога истиот тој наш колега поднесе барање да му се заштитат одредени права. Зошто тоа не е направено јас не знам. Има одредени сознанија и инсинуации дека големите политички партии поседуваат прислушна опрема. Тоа сепак, треба да се докаже низ една постапка и јас сметам дека за тоа искрено или лично дека во државата има институции кои можат тоа да го направат низ една соодветна постапка, меѓутоа, не сум сигурен дека тие институции тоа ќе го направат, или го прават токму затоа што еден од луѓето што ја води таа институција беше обвинет дека во 2001 година купуваше опрема за една политичка партија. Значи, тој е директор на една институција во едно одредено министерство кое треба да се занимава со оваа работа, а имаше обвинување дека токму тој, иако не докажани, тука се оградувам, дека направил таков прекршок. Оној што мене условно реченмо по народски ме пишмани за потписот што го дадов, инаку ќе ја поддржам и ќе гласам повторно за оваа комисија, реков токму тоа дека навистина се нема желба овој проблем да се разреши. Она што навистина е волја гледам дека добар дел од нас политичарите, а гледам дека и еден добар дел на обични граѓани, дали се уметници, или било во кој сегмент од живеење и работење имаат една фобија дека тоа се прислушкувани и слично и мислам дека во државата, институциите на државата, како што реков Министерството и Јавното обвинителство кои што се спомнати во член 2 од овој Предлог дека треба да се потрудат до колку има вакви сериозни нарушувања на правниот систем во Република Македонија да се потрудат истите да ги откријат, па без разлика дали прислушната опрема ја имал Влатко Ѓорчев од ВМРО-ДПМНЕ или Есад Рахиќ од СДСМ, или Тито Петковски од НСДП, треба ако тоа постои да остане една грда пракса и истите сторители да бидат санкционирани.

Уште еднаш реков ќе го поддржам овој Предлог, иако лично сметам дека оваа анкетна комисија нема Бог знае што да постигне и исто се приклучувам кон предлогот на господинот

Жерновски, како најискусен и како човек кој го изнесе прв овој проблем во јавноста на начин на кој што го изнесе, претседател на оваа комисија да биде господинот Тито Петковски. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Јас сега ви предлагам пауза за ручек до 15,00 часот.
(по паузата седницата продолжи во 15,12 часот)

**Бесим Догани:** Продолжуваме со претрес.

Има збор пратеникот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

Ќе се обидам да бидам краток и концентриран на она што денеска претставува вистинска тема на дебата, иако и јас како мојот колега Жерновски морам да го признаам моето разочарување што од денот на поставување на ова барање, или на оваа точка изминаа речиси четири и повеќе месеци што говори дека навистина овој Парламент не си ја врши до крај својата работа, не заради пратениците, туку многу повеќе можеби заради тоа што во него се разговара за се и сешто освен она што претставува приоритет на граѓаните на Република Македонија. Денеска имаме една исклучително значајна дебата по една исклучително значајна точка. Јас сакам да потсетам како денеска е на дневен ред и всушност расправаме за оваа точка. Тоа е затоа што претседател на една владеачка партија членка на коалицијата на чело со ВМРО ДПМНЕ и Никола Груевски пред повеќе од четири месеци изјави дека наводно четири политички партии во Република Македонија и нив ги наброја по име и презиме, значи: ВМРО ДПМНЕ, СДСМ, ДПА и ДУИ поседуваат опрема за прислушкување и дека истата ја користат за таа намена. Крупна работа, крупно обвинување навистина сериозно изнесена информација на која што од тој момент до ден денеска има едно големо апсолутно ништо. Се дигна голема врева и прав во тоа време, претседателот на таа политичка партија пратеникот Тито Петковски се обидуваше на еден еуфоричен, веројатно така тој проценил дека е тоа за него најдобар начин да ја убеди македонската јавност дека тој соопштува нешто спектакуларно, нешто скандалозно кога јавноста уште во тој временски период се обиде да ги добие одговорите, да ги добие конкретните информации, од господинот Петковски не добивме ништо. И веднаш за тоа на почетокот сакам да кажам дека во изминативе неколку месеци во оваа држава, во оваа сала, но и надвор од оваа сала пред се во онаа зграда на "Илинденска", па можеби по инерција така се однесуваат и некои пратеници се заборави еден клучен збор кој што треба да биде водич и заедички именител на секој што сака сериозно и искрено и објективно да се занимава со политика, а тоа е одговорност. Господинот Тито Петковски фрли во воздухот вакви обвинувања и изнесени констатации и не се ни обиде во ниту еден процент истите да ги докаже. Имавме прилика да гледаме разно-разни изјави, средби, коментари, во тој временски период кога под притисок на јавноста тој напомена дека неговите информации ќе ги достави до Министерството за внатрешни работи. Јас во овој момент после толку месеци сакам да го поставам прашањето што верувам и знам дека го поставува македонската јавност. Или господинот Петковски не ја говори вистината, или министерката за внатрешни работи и Министерството не си ја вршат својата работа. Бидејќи ако господинот Тито Петковски во своите изјави говори дека ги пренел своите информамции за постоење на ваква опрема во четири партии и до сега не е ништо направено, за да се докаже, или демантира тоа, нема друга ситуација освен да се констатира, или господинот Тито Петковски не ја говори вистината и за тоа треба да се извини, или министерката за внатрешни работи и Министерството не си ја вршат својата работа. Трето нема. Ако сакаме да вадиме варијации и повторно да даваме политички флоскули, ќе се повтори или поточно ќе се констатира она што СДСМ на самиот почеток го кажа, а тоа е дека во отсуство на реално решавање на проблемите за кои што ја добија довербата коалиционите партнери на Владата во овој момент Тито Петковски се обидуваат да манипулираат со јавноста и со измислување на вакви балони, да ја дефокусираат од неспроведувањето на онаа програма за која што ја добија довербата. Јас верувам дека е многу лесно кога ќе отидете на еден религиозен празник кој што се нарекува Прочка и со голема леснотија ќе речете, се извинувам и простете ми затоа што не го исполнив ветувањето дадено на стечајците. Верувам дека е многу тешко истото тоа да не го направите кога ја имате шансата две недели после Прочка. Но, една работа исто така знам дека апсолутно не е прифатливо од човек кој што сака да се претставува како сериозен и одговорен политичар да тврди нешто за кое што не сака да даде ниту еден факт, не сака да даде ниту еден податок и притоа воопшто да не ја отвора оваа тема. Јас да го кажев ова на вашето место, ќе инсистирав да се разреши додека не се дојде до вистината, кое што не е моја работа да го кажувам. Јас можам отворено и одговорно доколку го прифатите предлогот на ЛДП за формирање на ваква анкетна комисија, да повикам вие да го прифатите местото на претседател на оваа анкетна комисија. И првиот ден од кога ќе почнете со работа да дојдете на "Бихачка 8", каде што е седиштето на СДСМ, или во било кој објект на СДСМ на кој што вас добро ви се познати и да утврдите што е фактот и вистината. Јас одговорно тврдам дека СДСМ ниту поседувал, ниту поседува, ниту има намера да се занимава со ваква работа. Но, во исто време барам од господинот Тито Петковски претседател на НСДП, коалиционен партнер на ВМРО ДПМНЕ, ДПА и останатите веднаш и неодложно да докаже дека тоа што го говорел е вистина, или во спротивно да се извини. Да не заборавиме една крупна работа, во моментот кога вие господине Петковски го искажувате овој факт сте

претседател на партија членка на Владината коалиција. ВМРО ДПМНЕ и ДПА молчат. Зошто тие молчат, тоа е нивна работа. Но, ја имате на располагање комплетната власт во оваа држава, Министерството за внатрешни работи, останатите институции, и очекувам дека во најмала рака кога седнувате и разговарате, дали е тоа со Никола Груевски, дали е тоа со Арбен Џафери или Мендух Тачи, или со останатите претседатели на коалиционите партнери да го отворите ова прашање и да речете: Јас барам да го затвориме. Вие тоа не го правите. Претпоставувам дека, верувам утре, или како беше најавата ќе се сретнете во Охрид и ќе ги прашате, не отворено пред медиумите, туку на затворен состанок претседателите на вашите коалициони партнери за кои што ги обвинувате дека имаат таква опрема, дали е тоа точно, или не? Верувам дека ќе ви биде многу битно. Јас да сум на ваше место би го направил тоа.Но, во спротивно доколку бидете против формирање на ваква комисија која што е само субститут, не смее да биде основен инструмент, субститут на расчистување на вистината, тогаш вие ќе покажете дека тоа што сте го кажале не е точно, сте го кажале од политикански и маркетиншки цели и причини, и ќе се декларирате себе си во она светло, за кое што претпоставувам многумина во овој момент го оценуваат. Бидејќи нема поинаков начин на толкување на оваа ситуација. Од таму се надевам дека ќе бидете малку повеќе упорни и ќе инсистирате повеќе за расчистување на овие ваши тврдења кај министерката Јанкуловска, или кај соодветните институции во оваа област, ќе бидете за 1% повеќе поупорен за разлика од тоа како се борите за правата на стечајците на кои што им ги ветивте парите, а сега едноставно се криете од тоа за да оваа јавност престане да ја занимавате со ситни, евтини и однапред вкалкулирани заради дефокусирање потези од ваша страна. Ова е крупно прашање и треба да се даде одговорот. Од тие причини се надевам дека после мене, иако гледам дека не сакавте да разговарате на оваа тема, па сега сте малку повеќе, или помалку приморан за тоа, јас се извинувам што ве натеравме повтроно да разговарате. Но, сметам дека од оваа говорница со целиот морален и етички кредибилитет кој што верувам сакате да го имате, да изјавите дали тоа што го рековте е вистина, или не, и да ни дадете информации, ве молам, докажете до крај, гласавте за нов јавен Републички обвинител, има начини како тоа да се направи. И на крајот како што многу пати милувате да предлагате формирање на анкетни комисии за една, или друга цел која што не се предмет на интерес на ова Собрание, истото да го направите и со поддршка на овој предлог и однапред да ни соопштите дали го прифаќате нашето барање на ЛДП и на СДСМ, вие лично да ја водите оваа Анкетна комисија како што би можеле да ја утврдиме вистината. Јас ја знам вистината и ја кажав во оној дел што се однесува за СДСМ. Се надевам дека истото ќе го кажат и претставниците и на останатите политички партии.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ивановски.

Три минути реплика господинот Агим Рамадани.

**Агим Рамадани:** Ви благодарам.

Ме принуди да реплицирам на излагањето на господинот Игор кој се потруди преку неговата дискусија да направи неколку пристрасност, некоректни, пристрасност од аспект на тоа дека ДПА како учесник во Владината коалиција и кој ги спомна лидерите на партиите Арбен Џафери и господинот Мендух Тачи, му велам него дека ние не молчиме, му велам дека ние говориме само тогаш кога ги аргументираме нештата и работите и не сме тие да правиме шпекулации од видот на партијата на господинот Игор. И тогаш кога сме сигурни за конкретните факти ние реагираме, ги правиме транспарентни и не постапуваме тајно и не молчиме.

**Бесим Догани:** Една минута реплика господинот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Господине Рамадани мислам дека ова што сега го рековте требаше да го кажете малку подесно од вас, а тоа е на вашиот колега во коалиционата Влада Тито Петковски. Бидејќи шпекулациите за кои што јас говорев и за кои што денеска сакаме повторно да разговараме ги изнесе никој друг, токму тој. Навистина мене не ми е јасно вие во вашата коалиција разговарате ли меѓу себе, се гледате ли, комуницирате ли, ги отварате проблемите или ви е интересно континуирано еднаш Тито Петковски, еднаш некој од ВМРО ДПМНЕ, трет ден некој од ДПА ќе ја манипулира јавноста со небитни теми за кои што и самите однапред немате никакви факти и инфорамции само за да не дадете одговор на работите што не ги решавате? Ве молам, ова прашање на овој начин кој што ни го кажувате, пратете го до господинот Тито Петковски, тој да обвини дека имате опрема и ја користите за прислушкување, а не СДСМ.

**Бесим Догани:** Има збор господинот Тито Петковски.

**Тито Петковски:** Почитуван потпретседател, почитувани колеги,

Нашиот народ вели најтешки се првите 15 години од политичкиот плурализам, а останатите 85 можеби ќе станат навика, или парафразирано најтешки се првите 100 години да ги издржиме, а после веројатно и ќе стекнеме некоја политичка култура за да знаеме како да расправаме, станува збор за парламентарниот живот.

Само две дигресии. Прво, немам никакво влијание околу тоа зошто точката на дневниот ред доаѓа денес. Немам никаква причина да инсистирам тоа да се одлага, значи, за мене беше апсолутно оправдано веднаш после тоа како се покрена иницијативата од пратеничката група, повеќе пратеници потпишаа таква иницијатива за

формирање на анкетна комисија и работата до денес ќе беше затворена. Значи немам никакво влијание во тн., дефокусирање на јавноста од клучните теми. Фокусирањето на оваа тема не е мој избор, ниту е избор на парламентарното мнозинство, мислам дека е ваш избор. Вие покренавте иницијатива, поднесовте предлог да се формира анкетна комисија, а не јас да ја дефокусирам јавноста.

Втори, нема еуфорија, каде видовте еуфорија? Каде ја видовте таа еуфорија откако го кажав она што го мислев го кажав на јавно место, го кажав во кафеана, го кажав на улица? Не. Го кажав во Собранието на Република Македонија, тоа е местото каде што се разговара за тие теми. И тука ние се разликуваме и тоа мошне сериозно. Значи, нема посебна нарачка. Кој може да го потврди тоа дека има посебна нарачка на оваа тема, па сега ќе се бави македонската јавност особено вие ќе се бавите со темата прислушкување, а ќе се дефокусира јавноста од клучните теми за кои треба да расправа Собранието и Владата. Според тоа, од мене таква нарачка нема. Тоа барајте го на некое друго место.

Второ, што мислам дека е  многу суштествено. Јас во оваа прилика нема да говорам за она што треба да биде предмет на Анкетна комисија. Сакам да говорам за она зошто мислам дека не треба да се формира анкетна комисија. Нема да говорам ни за предметот прислушување, затоа што мислам Собранието не е судница. Ние можеме овде да се надмудруваме, да стекнуваме, или да губиме политички поени, но на темата на начинот на кој што почнавте да говорите дефинитивно Собранието нема ингеренции за тоа да расправа, каде било, како било, тоа ќе биде во надлежност евентуално на Анкетна комисија или на органите за прогонот за кои што за се она што се случува надвор од законот, имаат право да го прават. Значи, сметам дека ние денес треба да се задржиме само околу потребата за формирање на анкетна комисија, ништо друго. Дебата, ова Собрание не смее да расправа понатаму за сите тие елементи за кои што вие говоревте. Ако се формира анкетна комисија таа според Уставот има конкретно определена надлежност, вие тоа добро го знаете. Според Уставот и според Одлуката за формирање на анкетна комисија, анкетната комисија стои овде прецизно не може да врши истражни, или други судски функции. Само се задржува во сферата на заштитата на човековите права. И, онаа адхок што ќе се формира и онаа постојана анкетна комисија. Значи, ако се формира анкетна комисија мојот предлог е да не се формира адхок анкетна комисија туку овие работи за кои што вие инсистирате да бидат предмет на разгледување на постојаната анкетна комисија. Мислам дека е најпринципиелно затоа што по правило во сите парламентарни демократии на чело на таа комисија стои човек од опозиција. Во нашиот случај тоа е конкретно. Значи, анкетната комисија е конституирана, избрана, на чело на Анкетната комисија стои пратеник од опозицијата. Која е функцијата на анкетната комисија? Во рамките на она што го говорев пред малку, вие исто така подобро знаете, значи анкетната комисија има право да истражува, да не ги цитирам бидејќи добро ви се познати сите одредби, да истражува повреда на човековите права и конечно да поднесе извештај според кој ќе може да се бара политичка одговорност од носител на јавна функција во рамките на надлежностите на Собранието да врши политичка контрола врз работата на Владата и носителите на јавни функции. Значи, конечно Комисијата по завршувањето на работата, Анкетната комисија дали е адхок, или е постојана анкетна комисија ќе даде извештај на Собранието и ќе побара одговорност од носителот на јавна функција. Ако е целта за она што го реков во Парламентот да сносам политичка одговорност, малку ми е нелогичен предлогот јас да бидам претседател на таа анкетна комисија. Сигурно не очекувате јас сам против себе да предложам политичка одговорност. Мислам не е реално, ајде да не навлегуваме во сферата на шпекулациите. Значи, пак се враќам на тоа, претседател на таа Акетна комисија треба да биде човек од опозицијата, односно од парламентарните групи што инсистираат оваа комисија да се формира.

Тоа би било во рамките на демократските принципи, со кои што ова Собрание мора да работи.

Четврото, мислам дека она што го реков, го реков во контекст неслучајно, без никакви шпекулации дали сум избрал момент тоа тогаш да се каже, да промовирам некоја своја идеа, да стекнам некој политички поен. Не беше тоа случајно. Поводот за едно мое такво искажување беше сосема нормално, беше на дневен ред на Собранието, Законот за следење на комуникациите. На дневен ред на Комисијата за одбрана и безбедност беше точката - следење на комуникациите. И, во тој контекст мојата заложба беше и ја изговорив таа реченица, јавна тајна е во Република Македонија дека политичките партии се прислушуваат. Тоа особено се изразува за време на изборите. Дека е тоа тешко за докажување, знаете вие сите. Бидејќи, денес прислушните уреди не се статични. Тоа имавте можност да го прочитате до сега кој знае во колку наврати, од новинари, изјави на луѓе од сферата на безбедноста, еминентни политичари, дека јавна тајна во Република Македонија е дека се прислушкува. Ако сакате да видите што е јавна тајна, веројатно, вие лично сте разговарале на телефон и сами ќе кажете, извини но оваа работа не е за телефон, да се видиме. Значи, сепак, постои страв, уверување кај луѓето дека се прислушкуваат разговорите, дека се злоупотебуваат прислушните уреди за политички цели во Македнија, тоа е јавна тајна. Реков и сега стојам зад тоа и дека сосема легитимно  и без никаков основ за одговорност го реков на место каде што тоа треба. Го реков во Собранието. Треба ли да повторувам дека

Уставот гарантира право на такво однесување на пратеник. Ова што го говориме во Собранието и ослободува од одговорност ако го кажеме отворено тука, ама ако гокажеме на друго место, има сосема друга конотација. Според тоа, постапив максимално во рамките на Уставот, во рамките на законите. Укажав на една работа со единствена цел, во Законот за следење на комуникации да се предвидат такви решенија, ригорозни казни, за да не му текне утре на било кого и на било која политичка партија, субјект или пак ако сакате органите кои што располагаат со такви уреди, да ги следат комуникациите меѓу граѓаните. Значи, тоа зло да се исфрли од политичкиот живот. Злоупотребата на уредите во политички цели, апсолутно не смее да има право на граѓанствокај политичките партии и ништо повеќе. Според тоа, реков нешто што многумина не го говорат отворено. Има една народна песна, ако згрешам нека изгорам. Ако јас сум кажал надвор од нешто што вие интимно го мислите и за кое искрено знаете дека е така, ќе одговарам. Најлесно ќе ми биде во рамките на оние шпекулации за кои говоревте, е, сега да излезам и да кажам, извинете, бидејки тоа што го кажав не е точно. Ниту беше мое извинување, она што го злоупотребуваат дека е кај луѓето,кај стечајците, сами рекоа луѓето кога дојдоа, дека денес е прочка и да не се караме, ниту изустив таква реченица што вие ми ја ставате во уста. Ниту, сега ќе кажам. Меѓутоа, вие знаете дека тоа не е така. И да се извинам, не е тка, бидејќи цврсто сте убедени и многумина овде кои се бават со политика, барем 4, 5 години дека тоа зло функционира во државата и дека не смее повеќе да се злоупотребува. Треба да ставиме до тука со донесувањето на законот секако најможни препреки, да не се злоупотребува во политички цели. И мислам дека таа цел ја постигнавме со донесвуањето на законот.

Мојата мисија ќе биде завршена, ако дефинитивно тој закон се спроведува и ако тоа не се злоупотребува. Дали имало и кои луѓе од кои јас имам информации, каде сум ги прочитал, имавте можност да видите преку написи и преку искажувања на многу луѓе да чуете, кои луѓе се бавеле со разузнување и тие кажаа што мислат. Исто така, тие посочија дури некои каде се наоѓаат тие уреди. Денес знаете какви се уредите, вие тоа како човек од таа професија, мора да го знаете подобро и од мене. А, има уште други покомпетентни,како се тие мобилни, така што за 15 до 20 минути се овде до вашата зграда, за 15 минути се веќе на некое друго место. Ги познавам, знам, сум ги учел, за сметка на тоа што вие не сте ги учеле и ги повторувате лекциите, ама го правите тоа, не зависно што не учите, ги повторувате грешките и го правите тоа. Јас сакам тоа апсолутно да не стане од политичкиот живот на Македонија. Тоа беше целта. А, кој ја форсира темата да биде дежурна во јавноста, еве кажете вие и оставам јавноста нека суди. Според тоа, да повторам, тоа што го реков и го мислев. Го мислев, заради тоа што имав информации од јавноста, има информации од поединци, има информации и од професионалци и мислам дека треба да ги оставиме органите на прогонот повремено да бараме и од МВР да не информира до кои сознанија дошло, а да не ја користиме собраниската говорница за меѓусебна дискредитација и ефтини политички поени. Ако навистина сакаме да бидеме конструктивни и да помогнеме во оваа насока, она се што го знаеме и некој што го злоупотребувал да го ставиме на располагање на органите на прогонот, тогаш нашата мисија ќе биде апсолутно успешна и дури тогаш можеме да дојдеме до вистината,независно на која политичка провиниенција припаѓаме. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Петковски.

За реплики се јавија Игор Ивановски, Жерновски Андреј, Топузова Каревска-Роза и Поповски Никола.

Тогаш одиме по ред.

Повелете, господине Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

Навистина не го очекував ова, господине Петковски, знам дека лично се разликуваме и тоа го сваќам за моја предност. До кога мислите дека во оваа држава има некој кој што можете на овој начин да го изманипулирате. До кога мислите дека цел живот вие ќе бегате од одговорноста. Вие имавте јавно изречено реченица, тврдење, факт, инфорамција, како сакате кажете ја. Ја кажавте во јавноста, не бевте на Пирамида, па да победите со некој. Вие имате одговорност кога ги говорите работите да го кажете тоа што навистина е факт или ако е шпекулација да терате до крај. Кога веќе го говорите ова, јас пак ќе речам, или господине Петковски вие не ја говорите вистината или како што завршивте, кога сте ги предале вашите инфорамции на министерката Јанкуловска, таа не постапила по нив. Или вие не говорите вистина или таа не си ја работи работата, бидејќи не постапила по вашите инфорамции и тогаш ве охрабрувам да и поднесете интерпелација, бидејќи не си ја води својата работа. Јас така ве сватив врз основа на она што гокажавте. Или пак, уште повеќе, денес сме месец март 2007 година, повеќе од 8 месеци после изборите, повеќе од 6 месеци на новата Влада. Господине Петковски, ако вие до ден денес тврдите на оваа говорница дека кога ќе ви се јави некој однадвор и ќе му речете, ајде немојте по телефон да разговараме, да се видите, сакате да ни кажете дека некој вас ве прслушкува во овој момент? Ако тоа го тврдите, имате уште поголема одговорност. Со вашата министерка за која што вие ја дадовте подршката и оваа Влада, да го докажете тоа или да го негирате. Ама не може толку лесно, без минимум одговорност да се кажуваат овде работите и така ноншалантно вие да ни објасните дека тоа било само написи,

нацрти или цитати од јавноста. Па, немојте, ве молам, многу е сериозна или сакаме да биде целосно сериозна оваа држава и оваа политичка сцена за вака да ја девалвираме. Вие денес наместо да дадете одговори на она што го рековте, вие денес давате уште еден факт или ваша претпоставка дека вас некој на телефон ве прислушкува, а сте дел од Владата, дел од владеачкото мнозинство и претпоставувам дека имате некој од вашата партија во МВР. Па, ве молам разговарајте, ама кога ќе ги кажете тврдењата, давајте ги одговорите. Доста веќе со ефтина манипулација. Имате полна уста демократија,празни раце работа. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам .

Господинот Тито Петковски, контра реплика од една минута, повелете.

**Тито Петковски:** За тоа кој што работи, како јавно настапува, колку ги исполнува своите програмски определби, судат граѓаните. Впрочем, неслучајно ние сме тука со развојот на демократијата, а вие не сте ни тука соугледот на граѓаните, не само пред изборите, туку и после изборите.

Второ, ако мислите дека на јавниот настап, како што е Пирамида ќе треба да се вршат чувствителни работи за кои сега расправаме, тоа е злоупотреба на функција и на говорницата.

Трето, министерката за внатрешни работи крајно совесно и одговорно до сега си ја врши работата. Ние ќе имаме шанса натаму да побараме и да видиме за сите девијантни состојби во државата, вклучително и прислушкувањето и злоупотребата на говорницата, да чуеме. Имајте трпение, зошто се нервирате толку, зошто викате толку?

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Реплика има господинот Жерновски Андреј, повелете.

**Андреј Жерновски**: Благодарам, потпретседателе,

Господине Тито Петковски, искрено чекав многу повеќе од вашата дискусија, да не го употребамизразот ме разочаравте, но ја сочекував, прво, да го потврдите тоа што го кажавте. Јас ќе се обидам да рецитирамод медиум кој што ве пренел.

Второ, очекував не само да потврдите, тукуи да изнесете нови детали од целата работа, за да може оваа Анкетна комисија, која денес верувам дека ќе ја формираме, да почне да работи. Јас ви честитав во првиот момент на храброста кога го изјавивте сето тоа. Ми олесна што еден политичар од ваш ков го изјавува тоа, со искуство во повеќе политички партии или во контакти со пвоеќе политички партии. Ни олесна што конечно се најде храбар политичар во Република Македонија којшто ќе се обиде, навистина, да навлезе во оваа проблематика. Вие денес, всушност, не само што не ја отворивте докрај работата, туку се обидовте овде оваа говорница каде што сум јас сега, да ја затворите. Ќе почнам од крај. Кој ја форсира темата. Вие ја форсиравте темата, бидејќи вие го изјавивте тоа. Значи, вие ја форсирате таа тема и тоа е добро.

Понатаму, на почетокот изјавивте, го изјавив тоа во Парлаемнтот и ова е вистинско место за разговор, за да следната реченица биде, јас нема да говорам во Парламентот и Парламентот не е судница. Значи, ако сите се согласуваме да зборуваме во Парламентот, ајде во Парламентот да ја отвориме оваа работа како политичка одговорност и да си ја преземеме улогата што ни е дадена во името на граѓаните. Се обидовте да избегнете нешто, од кое што јас сум разочаран. Вие овде рековте, политичките партии ги прислушкуваат. Не е така. Вие изјавивте јавна тајна е дека сите политички партии во Македонија имаат свои уреди за прислушкување, не дека политичките партии ги прислушкуваат, туку дека политичките партии прислушкуваат односно цитирам, имаат свои уреди. Тоа е огромна разлика односно круцијалната разлика за што се покренува оваа тема. Затоа, навистина очекувам и мислам дека сеуште има време, не само да се нафатите да ја водите оваа комисија, тукудокрај да ја истерате работата. Вие рековте дека народната песна вели, ако грешам, нека изгорам. Вие господине Тито Петковски, изгоревте после овој настап. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Жерновски.

Контра реплика од една минута пратеник Тито Петковски, повелете.

**Тито Петковски:** Целта е постигната. Имате иницијатива, јас политички изгорев и сега очекувам да ја повлечете иницијативата.

Второ, мислам дека Анкетна комисија за работи за кои што барате да се отворат, на чие чело јас ќе стојам, можеби не очекувате толку наивни да бидете дека сите работи ќе ги отворам против себе. А, имате во раце најсилен аргумент. Имате своја Анкетна комисија односно претседател на Анкетна комисија од вашата пратеничка група. Ако ви е целта таа Анкетна комисија да супституира обвинителство или суд, мислам дека немаме право на тоа. Значи, во една постапка пред истражните органи, пред судот можат тие аргументи да се докажат. Да гиоставиме органите да си ја работат работата. Жал ми е што ве разочарав.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Реплика има пратеник Поповски Никола, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам потпретседателе,

Јас ќе бидам краток со репликата.

Прво, мислам дека состојбата во Собранието по оваа тема почнува да станува комична со секоја нова изјава,

Господинот Петковски ги повика подносителите, во кои спаѓа и мојата пратеничка група да ја повлечат одлуката. Само да потсетам тој кажа

дека четирите најголеми партии во Република Македонија имаат своја опрема за прислушкување. Од тогаш до денес сите четири најголеми политички партии официјално, меѓу кои и СДСМ со официјално соопштение го демантираше тоа. Во меѓувреме МВР соопшти официјално преку соопштение и потпарол во тоа време дека нема сознанија политички партии во Република Македонија имаат опрема за прислушување. Очекував денес, господинот Тито Петковски да ја повлече својата изјава за да создаде ситуација во која ние ќе ја повлечеме одлуката за анкетна комисија. Меѓутоа, тој не ја повелче одлуката туку ја зацементира, со тоа што кажа дека на крајот од излагањето, и после се повторно стои и мисли дека во Република Македонија партиите имаат опрема за прислушување. Тоа е класична ситуација која треба да се испита дали е тоа така и затоа одлуката треба да остане. Меѓутоа, она што мене сега ме загрижи уште повеќе, е штона крајот од дискусијата господинот Петковски од говорницата соопшти дека и денденес, тоа значи во овој момент кога тој зборува на телефон, секогаш го предупредува другиот на прислушувањето и затоа за ова не можеме да разговараме по телефон. Извинете, господине Петковски, ако вие како втор носител на владината коалиција сте исплашени дека ве прислушува Министерството, едно од двете што имаат опрема, тогаш што да очекуваме ние од опозицијата. Сега, ова создаде господинот Петковски со својата изјава на говорница потреба, покрај оваа анкетна комисија за партиите да се расчисти, да заседава врз основа на неговата изјава и редовната комисија за контрола на службите за разузнавање и контраразузнавање во Република Македонија, да се каже дали Владата ги прислушкува пратениците и дали ги прислушува носителите на коалицијата во Република Македонија како што е господин Тито Петковски, кој тоа јавно го призна. Па, извинете, меѓутоа ако господинот Петковски тоа ни го кажува на нас од опозицијата дека неговиот телефон го прислушкуваат, тогаш јас јавно да прашам, господине Петковски, каде оди нашата држава, немојте вие нас да не прашувате. Каде оди оваа држава ако вас ве прислушкува вашата Влада во која сте вие втор носител. Јас навистина станувам загрижен со секоја нова изјава во овој Парламент. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Поповски.

Контра реплика господинот Петковски, повелете.

**Тито Петковски:** Вие можете да срочите реченица како сакате, меѓутоа не смеете да ја заобиколите суштината на работите. Ако сакате навистина политички да одговорам за ова што сум го рекол јавно во Собранието, имате Анкетна комисија, свикајте ја час поскоро, имате ваш човек претседател и утврдете одговорност, предложете на Собранието, тоа ќе го усвои извештајот и јас ќе сносам политичка одговорност. Мене ми е многу мило што сте толку нервозни, значи погодена е работата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Петковски.

Има збор пратеник Трајанов Павле, повелете.

**Павле Трајанов:** И втора група на граѓани што се прислушкуваат или прислушуваат се оние кои што се инволвирани во тешки облици на криминал, нарко бизнисот итн.

Трета работа, трети се сигурно оние што се прислушкуваат од разни други причини да не кажам дека имаше случај на прислушување за да се видат опкружувањата на оние што се околу Претседател на Влада, на држава, како ги проценуваат состојбите и што информации преку нив можат да се извлечат.

Сакам да нагласам дека ако не директно но индиректно, политичките партии кои што биле на власт досега, скоро сите ги злоупотребиле системите за прислушување, се до донесувањето на Законот за прислушување или за пресретнување на телекомуникациите откога стана прислушкувањето легално.

Инаку, сакам, еве баш Социјалдемократскиот сојуз да ги потсетам за неколку случаи на прислушување кога они беа на власт односно нивната партија кога имаше парламентарно мнозинство, кога имаа Влада. Еве да ве потсетам на “Сина птица” или на “Дувло”. Ова сакам да го нагласам само за да покажам дека е исклучително тешка работа да се докаже дека некој е прислушкуван, а уште помалку дека тоа може да го направи политичка партија.

Еве околу аферата “Дувло”. Еве да ги потсетам и граѓаните. Тогаш на еден ТВ дуел имаше помеѓу Добри Величкоски и Љубчо Георгиевски беа изнесени јавно материјали од репродукција од прислушување на Штабот на ВМРО-ДПМНЕ. Цела машинерија се вклучи во тоа време за да докажат дека не е точно. Со денови книгата за евиденција за прислушување на кои телефони се прислушкувани се обновуваше за под тој реден број да се заведе некој сосема друг случај и да не набројувам уште многу.

Некаде 1997 година поради истекување на информации околу атентатот на претседателот Киро Глигоров или обидот за атентат, беа објавени информации за така наречената Братиславска врска. Тогашниот министер 1997 година дал налог за тајно следење и прислушкување на неколку новинари, меѓу нив и на новинарот на “Фокус”, Никола Младенов и претходно дознавајќи каде ќе се сретне и со кого организираа после неговото излегување сообраќајна контрола да го провери и да го носат дури во специјална болница за да му земат крв за да утврдат дали е тој во алкохолизирана состојба или не. Се со цел дури го влечкаат лево-десно ако можат да дојдат до документ за во неговото возило дали тука има доверливи документи истечени.

Понатаму, јас не сакам да прескокнам уште голем број на случаи на злоупотреба. Сите тие информации доаѓале и до господинот Никола Поповски како претседател на Парламент, доаѓале и до господинот Стојан Андов и до господинот Тито Петковски и до сите оние што биле претседател на Парламент, на Влада или на држава. Значи, информации од најсложените системи доаѓале и ги користеле и знаеле дека тие информации се добиени на нелегален, на неуставен начин, но никој тогаш тоа не го отворал како прашање.

Значи сите активности што беа дотогаш направени за да се потврди дали преку Комисијата за контрола за работа на СДБ, потоа на Управата за безбедност и контраразузнавање никогаш не се докажало. Не сакам да зборувам за Големата афера или Големото уво кое што ја отвори Бранко Црвенковски во почетокот на 2001 година. Оттогаш досега СДСМ беше 4 години на власт. Никогаш не го отворија тоа прашање и не разоткрија дали тоа прислушување се вршело во МВР, некоја друга институција или надвор од државните институции. Никогаш тоа не го открија, не го објавија. А дека овие системи се злоупотребуваат за политички цели тоа на сите ви е јасно и затоа јас сметам дека не може Анкетна комисија тоа да го провери и да го утврди. Можеби подобро е тоа што го предложи господинот Тито Петковски постојананата Анкетна комисија да работи на проверка, но пред се Парламентот треба да донесе заклучок, да е задолжена Владата на Република Македонија преку Министерството за внатрешни работи и другите државни институции да проверат дали политичките партии располагаат со системи за прислушкување или не, затоа што меѓу другата законска обврска на Министерството за внатрешни работи е да не штити од неовластено прислушкување.

Ако некој друг надвор од Министерството за внатрешни работи има во овој момент вакви системи и тие системи ги користи, ги злоупотребува само Министерството за внатрешни работи може тоа да го открие, да го потврди. Јас мислам дека ние пратениците сме во една тешка, тешка состојба да можеме тоа да го откриеме, да го потврдиме дека некоја од партиите поседува такви системи.

Но, сакам да нагласам дека да имате систем за прислушкување во политичка партија и да го користите тоа е како да спиете на бомба, затоа што сепак тие системи се многу сложени. Знам дека има за економски потреби, дека можат да се набават системи за прислушкување, меѓутоа за ваков вид на суфисцитирана опрема мислам дека тешко може да се најде кај политичките партии, тешко дека можат да ја користат таа. Но, како што нагласив партиите што се на власт постојано, зборувам од денот на донесувањето на Законот за прислушкување ги користеле овие системи индиректно од позициите што ги имале. Затоа мислам дека можеме ние долго време да разговараме околу тоа дали постојат, не постојат вакви системи, но факт е дека со ова парламентарно мнозинство го донесе Законот за прислушкување и дека сега таа работа стана законска и во рамките на Уставот и законите и ако има било какво престапување тоа треба да биде предмет на анализа и истражување на овој Парламент. Не верувам дека друго можеме нешто повеќе да докажеме ние како Парламент освен да инсистираме Министерството за внатрешни работи да не заштити од неовластено прислушкување, освен ако Министерството за внатрешни работи тоа не го прави. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Трајанов.

За реплика се јавија пратениците Роза Топузова Каревска, Андреј Жерновски, Игор Иванов и Јани Макрадули. Одиме по ред.

Има збор пратеникот Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Навистина после излагањето на почитуваните колеги Тито Петковски и господинот Павле Трајанов морам да ја изразам мојата загриженост затоа што и двајцата се претседатели на партии кои што партиципираат во власта, а и двајцата од говорница кажаа, едниот дека сеуште е прислушкуван и дека знае дека се прислушкува, а вториот дека огромен број на граѓани се сомневаат дека се прислушкувани, дури тоа во Македонија зазема колективна параноја.

Навистина после овие изјави треба да се замислиме, дотолку повеќе што и двајцата се обидоа на многу детален начин да објаснат и дел од техниката и начините како се прислушкува.

Почитувани колеги пратеници навистина после ваквите изјави и тоа на претседателите на партии кои што партиципираат во власта не само што треба да се замисли опозицијата, не само што треба да се замислат граѓаните на Република Македонија, туку мора да признаеме дека навистина апсолутно треба подетално да го преиспитаме членот 76 од Уставот на Република Македонија и да видиме дека ни е неопходно да се основа Анкетна комисија. Ова е уште една потврда дека пратеничката група на Либералната партија била апсолутно во право што ја покренала оваа иницијатива, која што ја поддржаа пратениците од СДСМ и други пратеници, освен пратеничката групд на НСДП, вклучувајќи ги и пратениците од парламентарното мнозинство. Не знам зошто сега сакаме да избегнеме од она што тогаш сме се согласиле дека ни е потребна ваква Анкетна комисија особено после изјавите што ги имавме. И тоа почитуваниот господин Павле Трајанов кажа и кои се се прислушуваат, оние кои се противници на власта, или криминалните активности. Господинот Тито Петковски е од прислушкуваните,

(Реакција на некои пратеници во салата)

Па, самиот така кажа.

И со оглед дека во овој момент Либерално демократската партија е во опозиција навистина влегуваме во една категорија и по логика на нештата сме противници на власта, влегуваме во една категорија на прислушкување.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика од една минута има господинот Павле Трајанов. Повелете.

**Павле Трајанов:** Јас би сакал накратко да контрареплицирам на репликата на почитуваната Топузовска.

Имено, јас реков кои структури, дури сите не ги наброив кои досега биле прислушкувани. Меѓутоа, јас сум сигурен и верувам дека министерот за внатрешни работи го почитува Уставот и законите и дека од тие мотиви, од политички или други причини или мотиви никој не е прислушкуван во Република Македонија.

Претседател на комисијата е претставник од СДСМ, господинот Есад Рахиќ и ако има било каков сомнеж дека Министерството за внатрешни работи, или било која друга државна институција ги злоупотребува тие системи, тоа треба да се провери, да се докаже. Така да мислам дека не треба работите поинаку да се кажуваат отколку што била таа намера. Само нагласив кој е прислушкуван, бидејќи сите ние тврдиме јас сум прислушкуван, а апсолутно нема врска, за да си придадеме некое си поголемо значење дека сме битни во државата.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Господинот Андреј Жерновски се повлече од реплика.

Три минути за реплика има Господинот Игор Иванов, повелете.

**Игор Иванов:** Благодарам потпретседателе.

Во тајните на прислушкувањето не воведе Тито Петковски, не доведе до стадиум на сериозни познавања господинот Павле Трајанов, за кој што веројатно тоа било дел од работното место и тука не може никој да му замери, недостига уште Стојан Андов да каже што има правено и да се потсети на своето образложение кога го бранеше законот за лустрација и да му сугерирам меѓу првите кои што можеби ќе бидат предмет на таа анализа да биде господинот Тито Петковски.

Она што сакам да го споменам е дека со недозволива леснотија се споменуваат вакви работи и притоа на никој око не му трепнува од владеачкото мнозинство. Смета дека овој уште половина час поминато време во Парламентот лесно ги слушаат овие тешки обвинувања од страна на господинот Тито Петковски и лесни објаснувања од страна на господинот Павле Трајанов и мислат дека тоа ништо нема да предизвика.

Луѓе, ние сме 2007 година, очекуваме покана за членство во НАТО. Очекуваме датум за преговоти со Европската унија и овде сред Парламент владини претставници викаат се прислушкува, трети викаат да тоа е вообичаено и тоа обично се прави за противниците на власта. Навистина јас не знам до каде е границата до која овие крупни работи лесно ќе се претставуваат и нема да се даваат одговори.

Господине Павле Трајанов јас навистина жалам зошто вие како министер за внатрешни работи не успеавте да ги разрешите аферите кои што ги наведовте, Дувло, Сина птица итн. Жалам зошто го пропуштивте вашиот министерски мандат без да ги расчистите овие две афери до крај.

Да ви кажам уште една работа која што на вас ви е многу позната.

За аферата Големото уво, кое што беше најголемата афера од овој тип во Република Македонија започна судска постапка. Започна судска постапка во која што во ваш мандат започна и ве имаше со име и презиме двајца осомничени, обвинети. Да ве потсетам дека со единствената ваква ситуација која што се започна судска постапка и единствената во Република Македонија, се надевам и навистина последна ситуација каде што во тој момент претседателот ја прекина со акт на аболиција судската постапка правејќи на тој начин очигледна вината на Доста Димовска и Александар Цветков. Но, за жал тоа судот никогаш нема да има шанси да го каже. Сега истата е наградена и обавува функција надвор од Република Македонија под патронат на Министерството за надворешни работи. Тоа се ордените за спроведената активност во тој период.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика од една минута има пратеникот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Накратко ќе се обидам, ако можам за една минута да му одговорам на колегата Иванов.

Овие системи после условот на Република Македонија се користени и тие системи се дефакто користени спротивно на Уставот, меѓутоа кога зборував за случаите кои беа еминентни јавно објавени, понудени беа докази, сите тие докази беа ништени и уништувани за да не остане трага, така да 1998, 1999 година јас не се занимавав со тие работи, да истражувам, да докажувам затоа што претходно знаев дека документите, доказите беа тргнати на страна.

Инаку, СДСМ и Владата предводена и од господинот Бранко Црвенковски и од Бучковски и претходно од Хари Костов имаа можност, бидејќи се работеше за мега афера да расчистат, судот не им сметаше, тоа можеа да го направат во рамките на Министерството за внатрешни работи. Има Министерството за внатрешни работи системи, механизми за расчистување и ако не било можеа тоа и јавно да го објават дали

Министерството за внатрешни работи, дали некоја друга институција или пак политичка партија ги прислушкувала над 1000 граѓани.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Реплика од три минути има пратеникот Јани Макрадули. Повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Ќе ја искористам репликата да апелирам на прелесните зборови што некои пратеници мислат дека можат да ги искажат овде и без за тоа да понесат политичка одговорност, или дека е тоа согласно имунитетот и ништо не им се може. Ние можеби не сме интересни за граѓаните во Република Македонија, но бидете уверени дека сите странски амбасади денеска што следат по службена должност ова што случајно се дебатира во Собранието ќе испратат информација дека власта во овој момент прислушкува, бидејќи двајца пратеници од парламентарното мнозинство тоа го тврдат.

За жал ова ќе биде најголема контра реклама на Инвест Македонија затоа што некој од парламентарното мнозинство тврди дека се прислушкува, а со оглед на тоа дека бил и министер за внатрешни работи во даден момент, знае како тоа се прави и како се третира опозицијата, ќе испратиме катастрофално лоша порака.

Јас очекувам Министерството за внатрешни работи, ДБК уште денеска да ги демантираат изјавите на господинот Трајанов и Тито Петковски во интерес на Република Македонија. Во интерес на климата што ја правиме како Република Македонија во процесот на зачленување во НАТО чекајќи ја поканата кога не мониторираат со секоја постапка, со секој збор. Некој за вакви прелесни зборови мора да сноси политичка одговорност. Не смееме да си поигруваме со Република Македонија затоа што прелесно ги даваме нашите изјави. Затоа очекувам покрај денешното соопштение од Министерството за внатрешни работи и од ДБК на викенд средбата во Охрид во соопштението каде што ќе пишува дека после извинувањето на господинот Тито Петковски трите коалициони партнери Груевски, Петковски и Џафери го демантираат сето она и Тито Петковски што го кажа и господинот Павле Трајанов дека Македонија во овој момент се прислушкува. Ве молам овој апел сватете го сериозен во интерес на Република Македонија. Не собирајте ситни политички поени на штета на сите граѓани во овој момент. Ја носите политичката одговорност, сте на власт, а ако немате капацитет тоа да го направите препуштете им го тоа на луѓето кои што ниту се нервозни, ниту имаат некој хендикепт од минатото, туку напротив сакаат да работат во интерес на Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика од една минута има пратеникот Павле Трајанов.

**Павле Трајанов:** Само можам да му честитам на господинот Макрадули како може да манипулира и со Парламентот и со јавноста. Јас сосема чисто реков дека Министерството за внатрешни работи, верувам дека работи согласно Уставот и законите. Законот за прислушкување е донесен.

Ако има прислушкување тоа е согласно законските одредби, така да немојте она што говорев јас како пример во минатото кој се прислушкувал правејќи споредба дека сите сметаме, бидејќи уште владее таква колективна паранојa дека е секој прислушкуван, кажав кои структури, кои групи на граѓани вообичаено секаде и кај нас се прислушкуваат и се прислушкувале.

Јас верувам и сакам да сум убеден во тоа дека по донесување на законот нема надвор од Уставот и законите прислушкување во Република Македонија. Немојте да ми ги извртувате работите, господине Макрадули, немојте да манипулирате ниту кажувам лесно ниту пак од тоа што сум го кажал, бегам од тоа.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеникот Тито Петковски.

**Тито Петковски:** Бидејќи имаше реплики, имам право на контра реплика, а не збор.

**Бесим Догани:** Вие бевте само спомнати при реплицирање на господинот Трајанов, имате право на збор, повелете.

**Тито Петковски:** Мислам дека беше ефтина пропаганда одамна прочитана. Тоа не поминува повеќе. Луѓето имаат добра оценка за нас, одлично не опсервираат во сите сфери од животот, па и овде. Мислите суштествено ќе промениме ако овде до таа мерка меѓу себе се дискредитираме практично да го симнеме кредибилитетот на Собранието и на државата. Разговараме за чувствителни теми и мислам дека ова е врв на цинизмот да се говори нешто што не е изговорено. Господинот Трајанов и јас три пати подвлековме во нашиот настап дека беше во контекст на донесување на Законот за следење на комуникациите и дека по донесувањето на тој Закон, уверен сум дека најдовме механизам кој ќе спречи злоупотреба на опремата за прислушкување. До донесувањето на Законот за следење на комуникациите немаше право тоа никој да го прави, ама се правеа афери, а нема одговор на аферите. Ако е ова израз на немоќ кога се било во ситуација да се одговори на аферите, тоа е друга приказна. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

За реплика се јави господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Како тргна господинот Петковски да реферира во цела оваа собраниска дебата очекувам да не се извини во сабота, туку денеска и да каже дека не го мислел тоа што го кажал тогаш, а очекувам сите пратеници да гласаат за да докажат ниту СДСМ ниту ДПА, ниту

ДУИ, ниту ВМРО-ДПМНЕ имаат опрема за прислушкување. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Господине Трајанов за збор? Повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници само накусо сакам да нагласам неколку работи. Мислам дека тоа што господинот Макрадули го побара, апсолутно не е одраз на автентичната расправа во овој Парламент, уште помалку е точно дека оваа Влада, Министерството за внатрешни работи и другите државни институции дека се злоупотребувани за прислушкување на политичките противници или некои за кои тоа не треба да се прави.

Посочив дека Парламентот има уставна можност да изврши увид, контрола над Управата за безбедност и контраразузнавање, над Агенцијата за разузнавање, да утврди дали овие системи се користеа, дали согласно Уставот и законите. Апсолутно ниту јас ниту било кој овде посочи дека во овој момент има злоупотреба на системите за прислушкување ни другите системи се злоупотребуваат. Тоа не е точно така што може колку сака господинот Макрадули да ја злоупотребува парламентарната говорница, да ги извртува работите, сосема е јасно, се знае за кој период зборуваме. Зборуваме за периодот до донесување на Законот за прислушкување каде објективно секогаш министрите за внатрешни работи ги користеле тие системи легално тогаш кога било согласно потребите за откривање на тешки случаи на криминал, убиства и т.н., но имало злоупотреби, јас посочив неколку кога политичките партии индиректно преку легалните институции собирале информации преку системите за прислушкување. Тој период може да се истражува.

Уште еднаш сакам да нагласам дека е многу тешко да се тврди, а уште потешко е дека политичките партии имаат такви системи. Тоа не го коментираше ниту Макрадули ниту било кој друг од СДСМ. Но, затоа реков добро е Парламентот да донесе заклучок Владата да го задолжи Министерството за внатрешни работи да работи на тоа, да утврди дали некој, освен надлежните државни институции располагаат со вакви системи, бидејќи тие можат навистина да ги загрозат човековите права, доколку со такви системи за прислушкување располагаат надвор од законските прописи. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

За реплика е пријавена госпоѓа Роза Топузова-Каревска,повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам потпретседателе.

Мислам дека почитуваниот колега Павле Трајанов и господинот Тито Петковски колку повеќе се јавуваат толку повеќе стануваат контрадикторни во своите изјави. Ова што сега го кажа, зборувам за Павле Трајанов, сака да каже дека порано нелегално се прислушкувале таа и таа категорија на луѓе вклучувајќи ги и политичките противници. Сега веќе по донесување на Законот политички неистомисленици се легално прислушкувани, тоа се подразбира од она што го кажува, а и по последното обраќање навистина самиот потврди дека, според членот 2 кој го имаме во Одлуката, во испитувањето на поседување на прислушни уреди од страна на политичките партии анкетната комисија ќе соработува со Владата на Република Македонија, министерствата, Јавното обвинителство и други надлежни органи што можат да придонесат за утврдување на состојбите. Значи, по неговото излагање тој треба да биде еден од повиканите и се надевам дека во голема мера ќе придонесе да се расветлат одредени теми кои тој сега ги покрена во неговото излагање.

Уште еднаш ги повикувам сите оние кои се потпишаа од парламентарното мнозинство, а сега вклучувајќи го господин Павле Трајанов да гласаат за формирање на анкетна комисија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика од една минута за господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Накусо, почитувана Топузова немојте да ги изместувате работите. Јас тврдам дека Министерството за внатрешни работи и другите државни институции овие системи ги користат согласно законските овластувања. Никогаш не тврдев ниту сега тврдам дека сега во овој момент политичките партии се предмет на опсервација, прислушкување и т.н. Мислам дека тоа е надвор од законот. Зборуваме за легализација на прислушкувањето, зборуваме дека такви права има Министерството за внатрешни работи. Немојте да импутирате работи кои не сум ги кажал. Не ги изговарам работите лесно, како што се обидуваше Макрадули да каже, туку со сигурност, со сета сериозност секој искажан збор е битен. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Пратеникот Ѓорѓи Оровчанец се јави за процедурално, повелете три минути.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам господине потпретседателе,

Господине потпретседателе сакам да ве информирам вас, да ги информирам колегите пратеници како и македонската јавност дека од денес или од овој момент како пратеник ќе настапувам независно или ќе бидам независен пратеник. Ова не мислам да го образлагам, ова ви го давам на знаење како факт и доколку има потреба, тоа ќе ми кажете, затоа што е овде изговорен збор, јас тоа и писмено ќе ви го поднесам. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Оровчанец.

Има збор господинот Борис Кондарко.

(Реплика бара господинот Хасипи)

На кого реплика господине Хасипи? Бидејќи многу доцна се пријавивте, затоа не ве...

Во ред, иако доцна се пријавивте, во ред, реплика кон господинот Павле Трајанов.

Се извинувам Кондарко.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине потпретседателе.

Истовремено со претходниот репликант се јавив и јас, меѓутоа, ваша проценка е дали е во ред или не е. Благодарам.

По неколкуте настапи на господинот Павле Трајанов сакам да констатирам дека по се изгледа водиме јалова расправа. Ќе ви кажам зошто.

Откако се констатираше од страна на господинот Павле Трајанов дека секогаш...

(Галама во салата, потпретседателот ги опоменува)

Ќе цитирам само неколку негови реченици:

Секогаш се прислушкувале оние кои имаат битно влијание во државата. Оние кои биле против власта. Се зборува во минато време.

Втора група тие што вршеле тешки облици на криминал. Дека постоеле злоупотреби на системите за прислушкување за да подоцна констатира дека е исклучително тешка работа тоа да се докаже и тоа го потврдува со примерот на “Дувло” кога вели дека биле уништувани сите претходни прибелешки што биле архивирани во Министерството за внатрешни работи, за да веднаш после тоа вели дека со Законот е се во ред и доколку има изигрување на Законот, може да се покрене постапка.

Господине Павле Трајанов, по вашите истапи ќе поверувам дека некој што ќе се осмели да покрене постапка тоа ќе може да го докаже?

Ако и во минатото доказите биле уништувани, која е гаранцијата дека и денеска тоа не може да се случува. Според тоа, за да не оставиме впечаток кај граѓаните дека постои колективна параноја, би било најдобро повеќе да не се јавуваме за збор, да ја затвориме оваа тема, тоа ќе биде и во интерес на граѓаните и во интерес на дигнитетот на ова Собрание. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Хасипи.

Контра реплика од една минута за пратеникот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Сакам накусо да одговорам на господинот Хасипи.

Согласно новиот Закон, иницијатива поднесе министерот за внатрешни работи. Барање за прислушкување поднесува јавниот обвинител, а крајната одлука ја носи судот. Ако се почитува, а верувам дека се почитува таа процедура, не треба да се сомневаме дека овие системи се злоупотребуваат. Треба да бидеме сигурни дека Министерството за внатрешни работи функционира согласно неговите законски надлежности.

Инаку, и покрај тоа што кажав дека е многу тешко да се докаже, но сите досегашни случаи, афери кои беа отворени се отворани од страна на припадници на Министерството за внатрешни работи, се разбира, преку доставување на тие доверливи материјали до политичките партии. Не е сеедно дали и на оваа Влада може да и се случи таков случај. Јас верувам дека министерот за внатрешни работи постапува согласно Уставот и не треба да се сомневаме во нејзината работа, бидејќи нема такви елементи. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеникот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници.

Во денешната дебата по повод иницијативата на опозицијата за формирање на анкетна комисија за испитување на наводите на пратеникот Тито Петковски за постоење на прислушни уреди од страна на политичките партии, двајца пратеници од владеачкото мнозинство, од коалицијата на власт господинот Трајанов и господинот Петковски денеска само потврдуваат и продолжуваат да ја шокираат македонската јавност и потврдуваат дека всушност аферата “Македонски вотергејт” сеуште постои, сеуште не е завршено од 2001 година. Во оваа афера има и други инволвирани освен амнестираните од претседателот Трајковски. Значи, едно се шпекулации господа колеги пратеници што можете да ги говорите по кафеани, кулоари, улица и т.н., меѓутоа, како пратеници, посебно како пратеници од власта и уште посебно како пратеници, посебно мислам на господинот Трајанов кој бил министер за внатрешни работи во Влада на оваа политичка опција, заедно со ВМРО-ДПМНЕ, да изјавува во собраниска сала пред целата македонска јавност работи од типот цитирам: “Пред донесувањето на Законот за комуникациите со кој се ставија во процедура условите и критериумите во кои случаи може овластените органи кого да прислушкуваат”, за да пред донесувањето на тој Закон господинот Павле Трајанов изјави дека сите министри за внатрешни работи ги користеле тие прислушни средства и легално тоа го правеле. Како легално кога со највисокиот акт-Уставот, тоа е забрането. Значи, со таква леснотија да се кажуваат такви работи и притоа никој и ништо да не преземе во оваа држава, никој да не сноси одговорност за ништо, да имаме Министерството за внатрешни работи, да имаме сега и Јавен обвинител и се така да заврши, навистина е премногу симптоматично.

Од друга страна во продолжение на изјавата да се говори дека по донесувањето на Законот имало злоупотреби. После донесувањето на тој Закон ако имало злоупотреби, имало злоупотреби од ВМРО-ДПМНЕ и од вашата владеачка коалиција затоа што знаеме кога тој Зкон е донесен и кој го користи сега тој закон.

Затоа мислам дека треба сите да не загрижи што се случува и како настапуваат пратениците од владеачкото мнозинство. Ако имате некои информации, тогаш канализирајте ги во институциите и ако сакате да придонесете за вакви работи во иднина да се спречат, да се осудат, да се откријат и да не се случуваат никому незаконито и неоправдано. Јас навистина не можам да разберам еден пратеник од власта пред пет месеци да изјави овде во Собранието мртов ладен дека партиите прислушкуваат, а сега од оваа говорница да ја видоизмени изјавата, да реглерира и да вика дека партиите се прислушкувани. Тоа не е исто. Сега никој не сноси одговорност за тоа, Владата не презема ништо, Министерството за внатрешни работи е глуво.

Господине Петковски сменети се улогите во меѓувреме, вие сте на власт заедно со ВМРО-ДПМНЕ. СДСМ и ЛДП се опозиција. Ние бараме од власта и затоа ние покренавме, како опозиција, иницијатива за формирање на анкетна комисија вие да откриете како власт кој прислушкува односно да се разгледаат вашите јавно изнесени наводи дека партиите прислушкуваат. Да откриете во власта, бидејќи има средства, механизми, полуги, институционални можности, законски можности, опрема тоа да го провери. Сега, зошто вие сте против една таква иницијатива. Зошто сте против формирање на таква анкетна комисија. Тоа е многу симптоматично. Вие барате од нас нешто, меѓутоа, како може опозицијата да биде виновна за нешто. Ако се сомневате во некоја партија од опозицијата, бидејќи на купче ги набројавте и партиите од власта и опозицијата повелете испитајте го тоа, откријте кој прислушкува. Зошто не го правите тоа.

Втора работа, не само што сте против формирањето на анкетната комисија вие сте против понудениот предлог од опозицијата да бидете претседател на таа комисија. Зошто? Од што се плашите? Ако вие сте тој што прв во Македонија ексклузивно пред пет месеци ги обелодени тие информации, тогаш зошто не сакате со својот политички авторитет да застанете и да ја сработите таа работа, да откриете и да докажете во законита институционална процедура кој прислушкува и дали, она што сами го велите, дали политичките партии прислушкуваат. Тоа е втората работа што е многу симптоматична, зошто тоа го одбивате.

Понатаму, рековте пред 5 месеци дека имате и дополнителни информации.

Што стана со тие дополнителни информации? Имам разбирање ако се работи за информации од таков доверлив карактер што само Министерството за внатрешни работи треба да ги знае и што не се од разбирливи причини за останатите граѓани. Меѓута, не можам, доколку се во фаза на истрага, доколку се води истрага, меѓутоа не знаеме дали се води истрага и дали се проверуваат тие ваши наводи и тој случај, меѓутоа не можам да имам разбирање затоа што еве 6 месеци нема никаков резултат од тоа. Вие се повлековте одкако ја објавивте информацијата, ве снема, сакавте да забошотите. Веројатно видовте каква сериозна работа неодговорно сте изговориле во јавноста па после тоа се повлековте. Рековте дека писмено ќе ги известите во Министерството за внатрешни работи. Рековте дека ќе одите на информативен разговор. Ниту вие отидовте на ваша иницијатива, ниту Министерството ве повика. А имаше такви изјави од министерката дека ќе ве повика.

Значи, власта е одговорна за тоа што се случува после вашата изјава. И вие, од кого барате, опозицијата да открие дали партиите прислушкуваат? Зошто не ги користите легалните механизми што ви ги нуди власта оваа работа да ја решите, да ја докажете и да видиме кој е виновникот, ако постои такво нешто.

Ако имате авторитет, како пратеник од владеачкото мнозинство, како политичар, како претседател на политичка партија од владината коалиција, вие треба да ги убедите вашите политички сојузници од власта, почнувајќи од премиерот, да ви ја прифатат иницијативата и Владата да работи на овој случај. Зошто ништо не е сработено до сега?

Сето ова ми звучи многу неодговорно и укажува на тоа дека она што е ваша каректеристика во вашето политичко дејствување до сега, дека на ваков начин сакате да фрлите прашина во јавноста, на таков начин да бидете актуелен, да правите политички маркетинг за себе, а при тоа да не сносите одговорност. Затоа мислам дека она што и други пратеници ви го рекоа дека сериозен и одговорен политичар стои на својот збор. Мора да си одржи ветувањето и да го спроведе тоа на дело.

Не ми е јасно што мислите понатаму, ако ја терате вака работата со изјави? Дали ќе остане само на изјави, дали ќе биде ова приказна за залажување, за замајување на јавноста, за отргнување на некои други политички теми што ги продуцира вашата Влада јавноста да се дефокусира, нешто слично итн. итн.

Затоа мислам дека вие не треба да бегате од ова, туку треба да се фатите во костец со овој проблем и да излезете пред јавноста со докази. Во спротивно овие ваши политички фрази ќе ги сметаме за една обична манипулација во јавноста.

И на крајот, господине Петковски, гледам пријавен сте, не знам дали сте пријавен за реплика на мојот говор, при тоа ќе ве потсетам на уште една работа. Пред неколку недели ми реплициравте и тогаш рековте дека уште во минатиот состав имате кажано дека на моите говори нема никогаш да одговарате и реплицирате. Јас не знам дали се должи тоа на ваша недоследност или на ваша нервоза или толку лесно се провоцирате.

Очекувам сега да бидете доследен, дали ќе издржите, дали ќе ми реплицирате на мојов говор.

**Бесим Догани:** Благодарам.

За реплика се пријави пратеникот Трајанов Павле, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Јас и во претходната реплика нагласив дека пратениците, некои од пратениците на СДСМ се експерти да ги изместат работите или за манипулација.

Господинот Кондарко тврди дека јас во својот говор сум кажал дека сега, овие системи се злоупотребуваат, што не е точно. Можат да се проверат стенограмите.

Но, исто така зборува дека со леснотија се искажуваат работи. Тоа не е точно апсолутно. Кога зборував за минатиот период посочив три примери, три случаи што беа јавно објавени. “Сина птица”, “Дувло” и “Големото уво”. Ако вие се сомневате дека тоа не е правено во Министерството за внатрешни работи, еве да почниме од 2001 година, “Големото уво” кога вашиот претседател на СДСМ и претседател на Влада јавно ги изнесе стенограмите, репродукциите, ако вие се сомневате и во него дека тоа тој го донел некаде од друго место, а не од државните институции, тогаш навистина не треба да расправаме за ништо. Дека од 1991 година, од донесување на Уставот на Република Македонија можеме да тврдиме дека немало користење на овие системи. А, тие системи постојано се унапредуваат, обновуваат, одат луѓе на пракса, тие системи се развиваат, тие системи се користат.

Ништо не сме откриле ако кажеме дека тие системи за прислушување, континуирано од 1990 година, одкако е осамостоена Република Македонија, се користат. Прашањето е дали биле во функција на заштита на нашите национални државни интереси, заштита на суверенитетот, територијалниот интегритет, дали биле вклучени за откривање и спречување на тешки форми на тероризам, криминал, итн, или пак тие системи се злоупотребувани.

Повеќе од факт е дека тие системи во минатото, за да не бидам погрешно разбран дека биле злоупотребувани, дека биле користени за обработка на политички противници итн. Тоа е неспорно. Меѓутоа, факт е дека ова парламентарно мнозинство, оваа Влада направи напор и целиот Парламент, практично сите парламентарци гласавме за Законот за легализација на прислушувањето. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Трајанов.

Реплика, пратеник Петковски Тито, повелете.

**Тито Петковски:** Се јавив само да кажам дека ми е драго што господин Кондарко ја запаметил таа моја реченица, а тоа беше причината да подвлечам дека нема да реплицирам, од причини што ги изнесов на една од седниците на Собранието на неговите дискусии. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика Кондарко Борис, повелете.

**Борис Кондарко:** Господине Петковски, сепак не се воздржавте.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Пред да го ставам Предлогот на одлуката на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(пратеници влегуваат во салата)

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот на одлуката гласале 64 пратеници, за гласале 58, воздржани нема, против гласале 6 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање на Анкетна комисија за испитување на поседување прислушни уреди од страна на политичките партии.

За точките 21 и 22 нема да дискутираме, бидејќи се јавија од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија со извинување дека се во странство и немаат претставник.

**Минуваме на точката 23-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување.**

Предлогот за донесување на законот и дописот на Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Предлагачи се група пратеници: Тито Петковски, Горан Мисовски, Иван Анастасовски и Јагнула Куновска. Нема овластен, овие се предлагачи.

Мисовски Горан, повелете.

(пратениците од СДСМ прашуваат кој е овластен предлагач)

Господине Мисовски ќе ја разјасните дилемата, повелете.

**Горан Мисовски:** Почитуван потретседателе, колеги пратеници,

Пратениците на пратеничката група НСДП до Собранието на Република Македонија доставија Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување.Измени и дополнувања што по обем не се големи. Но, убедени сме дека предложените измени и дополнувања ќе го првлечат вашето внимание. Очекуваме во расправата, што, се надевам дека ќе проследи, дека ќе добиеме поддршка Предлогов за донесување на закон да биде усвоен, а ние како предлагачи ќе доставиме

Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување.

Почитувани пратеници,

Што не мотивира да го изготвиме и донесеме овој закон до Собранието? Мотиви има повеќе. Но, основниот мотив го темелиме на хуманизмот, темелната правда и солидарноста што мора да се има во решавање на здравственото осигурување на граѓаните на Република Македонија постари од 65 години, а кои, по било кој основ здравствено се неосигурени.

Република Македонија, во својот Уставно-правен поредок, во темелните вредности на Уставот на Република Македонија, член 8, став 1, алинеја 8 ја определи Република Македонија како држава што се темели на хуманизам, социјална правда и солидарност.

Исто така, со членот 39 од Уставот на Република Македонија, нашата држава му гарантира право на здравствено осигурување на секој граѓанин на Република Македонија.

Почитувани пратеници,

Обезбедувањето на задолжително здравствено осигурување на лица постари од 65 години кои не се осигурани по никаков основ е потреба, неминовност, но и прашање што животот на лицата постари од 65 години треба да се гледа и разреши согласно уставниот поредок на Републиката, а то а е хуманизмот, социјалната правда и солидарноста на граѓаните на Републиката. Со еден збор, државата мора да изнајде сили за здравствено осигурување на сите лица постари од 65 години.

Во Република Македонија, согласно пописот на населението спроведен 2002 година се евидентирани некаде околу 213.000 граѓани постари од 65 години или поточно 10,6% од вкупното население во државата. Најголемиот број на граѓани постари од 65 години уживаат здравствено осигурување по некои од основите, согласно Законот за здравствено осигурување. Но, бројот на граѓаните кои не се здравствено осигурани е непознат. Верувајте, се обидовме во сите институции на системот што ја покриваат оваа проблематика да дојдеме до точната броја, но точна бројка не можевме да најдеме.

Имено, здравствено осигурување за лица постари од 65 години веќе е обезбедено со Програмата за здравствена заштита на одредена група на население и одредени заболувања на граѓани кои не се здравствено осигурани. Говорам за податоците што ги добивме за 2006 година, а штоп е објавен во "Службен весник на Република Македонија " број 45.

Во рамките на оваа Програма , поточно во точката 2, овие неосигурени лица ќе користат услуги од примарната здравствена заштита, освен лековите на рецепт од примарната здравствена заштита, здравствена заштита во болнички услови, итна медицинска помош, итна стоматолошка здравствена заштита, како и лекување на одредени потешки заболувања.

Тоа што ние го предлагаме е закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, законски да се уреди правото на здравствено осигурување што е потрајно и посигурно решение за овие лица, наместо преку програми што се донесуваат на годишна основа, во зависност на обемот на средствата на Буџетот на Република Македонија. Потенцирам, законски ќе се уреди правото на здравствено осигурување.

Во Предлогот на законот, каде што стои дека овие предлози на измени на Законот, дека со нив ќе дојде до одредени финансиски импликации во Буџетот на Република Македонија, сепак, во нашето понатамошно истражување дојдовме до следниве податоци:

За спроведување на законот што се предлага да биде донесен, потребни се дополнителни финансиски средства. Тоа е првичното решение. Со оглед на тоа што горе наведената Програма е на товар на Буџетот на Република Македонија, поточно во делот 3 од горе наведената Програма за здравствена заштита на неосигурени лица постари од 65 години возраст и сега понатаму стои дека се потребни за општ лекарски преглед, основни дијагностички испитувања итн, тин, има 5 ставки во Програмата од Буџетот, каде се наведени одредени средства т.е. 21.000.000 приближно. Сепак, се употребуваат за оваа одредена категорија на луѓе.

За спроведување на законот се предлага да биде донесен, во нашите дополнителни истражувања, дојдовме до констатација дека не се потребни финансиски средства што ќе се обезбедат од Буџетото на Република Македонија. Средствата потребни за оваа намена се содржани во рамктие на Програмата, односно во Буџетот на Република Македонија. Меѓутоа, сепак стоиме на првичното решение од Предлогот дека законски ќе се уреди правото на здравствено осигурување, што е потрајно и посигурно решение за овие лица, наместо тоа да се прави преку определени програми.

Почитувани пратеници, колеги,

Донесените декларации и препораки на ОН и Европската Унија што се однесуваат на лица постари од 65 години во делот на здравственото осигурување на тие лица државните прописи пропишуваат здравствено осигурување на лица постари од 65 години, и тоа осигурување да биде задолжително. Ваквата определба се темели на тоа дека овие лица, согласно старосното доба не се во можност или немаат можност да остваруваат приходи или тие приходи се минимални, па затоа државата се јавува како гарант дека ќе ги покрие трошоците и со тоа ќе им обезбеди здравствено осигурувасе на лицата постари од 65 години.

Државите, членки на Европската Унија , прашањето на здравствено осигурување на лица

постари од 65 години го решаваат со задолжително здравствено осигурување на оваа категорија на граѓани.

Предложен закон е насочен кон овозможување целосно здравствено осигурување на лица постари од 65 години, а кои до сега, согласно позитивните законски прописи на Република Македонија не можеле да бидат здравствено осигурени. Законот што се предлага, исто така е во насока да се оживотворат и применат во пракса уставните темелни вредности хуманизмот, социјалната правда и солидарноста, но и општо прифатените норми на меѓународното право.

Почитувани пратеници,

На крајот би ве повикал позитивно да се произнесете по предложениот закон, а сите предлози и сугестии што ќе се изнесат во расправата што ќе бидат добродојдени и вградени во текстот на законот што ќе следи.

Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Збор има пратеникот Петковски Тито, повелете.

**Тито Петковски:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги,

Чувствувам обврска да кажам нешто како потсетување, бидејќи и оваа точка од дневниот ред одамна е предложена на Собранието, а ја гледаме после релативно долг период.

Сметаме дека треба да имаме разбирање за една категорија на граѓани кои сега во периодот на транзиција во Република Македонија, се во исклучително тешка положба. Станува збор за една категорија на граѓани кои се постари од 65 години, а кои не се осигурани по ниту еден основ. Имаме одлука односно Програма за здравствена заштита на одредени групи на население и одделни заболувања на граѓаните кои не се здравствено осигурани за 2006 година во Република Македонија. Тие луѓе се осигурани и еден дел од нив, согласно оваа Програма користи средства. Наша цел е оваа обврска која Владата ја утврдува годишно со програма, да биде законска обврска. Сметаме дека имаме обврска кон тие граѓани особено во услови кога денес е проблематична економската можност на граѓаните да ги купуваат лекарствата. Станува збор за катеорија на граѓани кои објективно се во најризичните години од здравствен аспект и, се разбира во многу тешка финансиска и социјална положба, луѓе кои не се во состојба да ги купат скапите лекови, бидејќи во тие години објективно се во ситуација да се разболуваат, лекарствата за тие тешки болести се очигледно многу скапи и луѓето се пред дилема дали да се позајмуваат или едноставно да забораваат на тие лекарства кои ќе можат суштествено да влијаат за да им го спасат здравјето. Говорам, не станува збор за нова обврска, за нова финансиска обврска на државата. Станува збор за Програма која е објавена во “Службен весник број 6 од 2006 година”, да ја трансформираме само во законска обврска. Не станува збор за дополнителни средства, нивно зафаќање. Би било добро, до колку како држава сме во состојба тоа да го направиме. Не станува збор за сериозно пореметување. Јас имав можност да разговарам со луѓето од ММФ, во две прилики овде, околу нашиот аранжман со ММФ. Станува збор за еден однос како држава која е декларирана во Уставот за социјална држава. Впрочем имаме и обврска.

Во 2003 година Собранието на Република Македонија ја ратификува Европската социјална повелба со која како држава се обврзавме, полека да создаваме услови граѓаните да не се чувствуваат без елементарна поддршка за нивната егзистенција, меѓу што и за здравјето. Македонија одговори. Со Програмата од 2006 година тие средства се предвидени. Се предвидуваат и со програмите, претпоставувам, на Владата и за оваа година. Но, нашата идеја е програмската обврска на Владата да ја трансформираме во законска обврска на државата. Значи нови зафаќања нема.

Ние во овој момент не можеме да кажеме точно за која бројка се работи, бидејќи не располагаме. Се обидовме по неколку основи да дојдеме до вистинската бројка и поради тие причини се определивме на Собранието во оваа фаза да му предложиме да го разгледува само Предлогот за донесување на закон, а не и Предогот на закон, а во меѓувреме со помош на институциите да дојдеме до квантификации за кој износ на средства се работи, па тогаш да предложиме Предлогот да го пуштиме во собраниска процедура, Предлогот на закон. Дали тоа ќе биде за месец, два, но ќе дојдеме до објективни индикатори за бројот на луѓето кои се над 65 години, а кои по ниту еден основ не се осигурени. Сметаме дека според оваа Програма од 2006 година, станув збор за една бројка од 8000 луѓе кои не се осигурени по ниту еден основ. Но после истражувањето од Фондот за здравство и во некои други институции, дојдовме до различни мислења дека не станува збор за толку голем број на луѓе, дека е релативно помал. Затоа е нашата молба за разбирање, да се однесуваме во рамките на она што сме го декларирале со Уставот, како социјално хумано општество, да не дозволиме луѓе, поради недостаток на средства, во годините кои од здравствен аспект се најризични, нивните животи да бидат доведени во прашање. Никакви други намери.

Дојдоа многу луѓе кои се чувствуваа загрозени, откако го покренавме овој закон, значи иницијативата беше од граѓани, до нас како пратеничка група, дека на една категорија на граѓани кои се препуштени на нивните семејства, сериозно им се загрозени животите, бидејќи не се во состојба да си ги платат лекарствата. Затоа чувствувавме обврска и сакам вас да ве замолам, како колеги пратеници да го донесеме односно на оваа седница денес да ја утврдиме потребата за донесување на еден таков закон и во меѓувреме

обврска и на пратеничката група предлагач на законот, меѓутоа и на сите институции од сферата на здравството, заеднички да дојдеме до објективната бројка и до износот на средствата кои се неопходни да се финансира здравственото осигурување на оваа категорија граѓани. Претпоставувам дека и до сите вас, веројатно по разни основи доаѓале вакви иницијативи, како што исто така, убеден сум дека немаме никаква причина да не се заложиме да излеземе во пресрет на очекувањата на една категорија на граѓани, а кои сериозно нема да ги доведат во прашање ниту Буџетот, ниту аранжманот на Македонија со ММФ. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Петковски.

Има збор господинот Поповски.

**Никола Поповски:** Јас ќе имам кратка дискусија и законот е краток, се состои од два члена во кои се уфрла една категорија на осигуреници и нивниот статус.

Сакам да кажам дека пратеничката група на СДСМ ќе го поддржи овој закон, без разлика што сме на различни страни со предлагачите од НСДП.

Изразувам жалење што еден краток и едноставен закон кој не е ниту сложен ниту обемен е доставен во прва фаза, а не и во втора. Очекувавме да се достави и со Предлог на закон за да можеме да го изгласаме.

Навистина е хендикеп за законот што предлагачот, ако треба да веруваме на зборовите на предлагачот, нема сознанија за бројната категорија на оваа категорија на луѓе односно не знаеме дали се однесува на неколку илјади, на десетина или на повеќе илјади, што е голема варијабла. Меѓутоа, без разлика, заслужува поддршка, особено што доаѓа од партија од владеачкото мнозинство и покрај тоа што очигледно со здравствените власти во Република Македонија во мал расчекор е ваквиот потег.

Се надевам и покрај фактот дека здравственото осигурување и пакетот на услуги што се даваат од страна на државата, на осигурениците во Република Македонија во последните пет-шест месеци секојдневно оди надолу, вклучувајќи и денес, еве од 1 март пакет на лекови веќе не е на позитивната листа. Се надевам дека во тој мрачен тунел на постојани рестрикции, на можностите граѓаните да го користат јавното здравство, овој закон ќе претставува мала светла точка каде некои права се прошируваат. Од тој агол гледано ние ќе го поддржиме законот за овие лица постари од 65 години и очекуваме предлагачот веднаш после седницата, со оглед што нема никакви непознаници во овој закон, или нешто дополнително што треба да се проучува, барем од овие два члена што се во законот, да го достави веднаш и во предлог фаза за да може да се усвои од страна на Собранието. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Поповски.

Има збор пратеникот Кире Гештаковски.

**Кире Гештаковски:** Благодарам потпретседателе.

Како што кажа и мојот претходник, господинот Поповски, СДСМ ќе го поддржи овој закон од чисто идеолошки причини кои се вградени во нивната програма и платформа, иако, убеден сум, тоа е мое лично мислење дека со овој закон ама баш ништо нема да се постигне. Се ми се чини дека ова е само една реклама, еден политички блеф, едно саморекламирање колку да се каже кај граѓаните дека се грижиме за постарите луѓе од 65 години.

Постарите луѓе од 65 години и децата до 15-годишна возраст не го бараат тоа. Тие перманентно од сите влади бараат други работи, за кои ќе зборувам малку подоцна.

Дека сето тоа е несериозно, ќе кажам најпрвин дека требаше да поминат шест месеци, од октомври е даден во процедура овој закон, не се најде за згодно, иако се предлага од пратеници од парламентарното мнозинство, да се стави и да стигне точката на дневен ред. Да не заборавиме, ова е 12-та седница, точката е во 12-та седница, а сега сме некаде 33-та или 34-та седница. На неколкј пати таман да стигне оваа точка на дневен ред, се прекинуваа расправите и се одлагаше оваа седница. Дека не е сериозно ме води и тоа дека Владата за ваков сериозен проблем до сега нема дадено мислење, иако не е нејзина должност. Владата може да даде мислење за некој предлог-закон од група пратеници, а може и да не даде. Мислам дека во овој момент Владата требаше да даде мислење, бидејќи се работи за пратеници од парламентарното мнозинство.

Најповеќе ме чуди фактот што шест месеци не се утврди точниот или приближниот број. Верувам дека е тешко да се утврди точниот број на оваа категорија луѓе.

Јас ги ценам напорите што ги кажа Петковски дека во институциите овие претходни пет-шест месеци се барале податоци. Најверојатно ги нема, а најверојатно ги нема и ваков масовен број на неосигурени по било кој основ, барем тие што сакаат да се осигураат. Се кажува бројка од 10,6% дека биле постари над 65 години со последниот попис на Република Македонија. Па ние имаме само 220 илјади пензионери, со право и брачниот другар да го осигура здравствено. Имаме 400 илјади вработени. Имаме 350 илјади невработени што сите по тој основ стануваат здравствени осигуреници, па имаме илјадници социјалнислучаи, па имаме такви што примаат надокнада, па имаме земјоделци, имаме сточари, имаме пчелари, имаме такви кои се занимаваат со самостојна дејност.

Јас не можам да претпоставам хипотетичка некоја категорија на луѓе која по било кој основ не може да го оствари тоа право. Навистина не ми е јасно.

се кажува дека нема да има финансиски реперкусии врз Буџетот. Напротив, ова законско

решение ќе доведе до зголемување, бидејќи и до сега тие што плаќаа здравствено осигурување по основ на занаетчија, самостојно обавување на дејност, земјоделец, пчелар. Секој што ќе наполни 65 години нема овеќе да уплаќа здравствено осигурување, бидејќи со овој закон ќе биде ослободен. Огромни реперкусии ќе има врз Буџетот.

Мене не ми е јасно, дали се знае што бараат постарите луѓе над 65 години, од сите влади до сега, посебно пензионерите, бидејќи се најголемата група, 220 илјади. Тие упорно бараат три работи.

Тие бараат да се вратат законските решенија што важеа до 2000-та година односно да се укине партиципација за специјалистичко конзулативно лекување, болничкото лекување и издавањето на лекови на рецепт од позитивната листа. Бараат поголема снабденост на аптеките со лекови од позитивната листа и трето бараат да се прошири позитивнат алиста на лекови. Тие се основните работи што ги бараат пензионерите и старите луѓе, а ние упорно, после укинувањето на тие одредби во 2000-та година, не ги воведуваме повторно.

Им предлагам на моите колеги од НСДП, на утрешната, или седницата во понеделник, кога е владиниот предлог за измена и дополнување на Законот за здравствено осигурување, да го поддржат нашиот амандман со кој ќе се решат сите, ама буквално сите барања на сите стари луѓе над 65 години и на децата до 18 годишна возраст.

Повеќе пати низ објаснувањето што ни е проследено со Предлог-законот, а и во говорите на двата претходни говорници од НСДП, се споменува хуманизам, социјална правда, еднаквост, солидарност. Јас знам дека нивната програма и платформа е таа. Но, господа пратеници од НСДП, ова најреално го зборувам и најпријателски, не можете таа идеологија и платформа да ја спроведете во десна влада, затоа што крупните партиципиенти, тие што одлучуваат во владиното мнозинство, не го имаат тоа запишано во нивните програми, што е најлогично. Тие довербата ја добија за да си ја спроведат нивната десничарска политичка опција. Или пак, ако не се согласувате со ова мое мислење, како во претходните шест месеци се согласувате да се донесуваат такви одлуки, такви решенија од Фондот за здравствено осигурување и од Министерството за здравство, многу рестриктивни, кои ги засегаат сите два милиони граѓани во Република Македонија. Хумано и солидарно ли беше кога се одлучувате да поддржите една рестриктивна мерка кога се забрани рефундирањето на лекарствата. Знаете ли вие дека двајца родители кои земаат, еве просечни месечни плати и имаат судбина да имаат некое болно дете од мултиплекс склероза или од некое канцерогено заболување, им требаат по 20 илјади денари, сума која ја надминува нивната вкупна месечна плата, да плаќаат за нивното болно дете, а сега само пред месец два, таа можност се ускрати. Што треба сега тука да гледаме ние поголем хуманизам или солидарност, кога тие родители не можат повеќе да ги лечат нивните деца.

Зошто не се побунивте кога ја скратија, наместо да ја прошират позитивната листа. Тоа го бараат старите луѓе, проширување на листата. Зошто не реагиравте кога во аптеките сега лекови на позитивна листа има само за два до три дена, а тоа го потврди и директорот на Бирото за лекови кога еден ден отиде сам да продава лекови во аптеката и кога во 11 часот претпладне снема лекови, а се работеше за трети ден од месецот. Тоа го бараат старите луѓе, не само 700 што ќе се зафатат со овој закон што го предлагате, туку стотици и илјадници стари луѓе.

Зошто сега не реагирате, по неколку дена доаѓа нов предлог, да се забрани плаќањето од Фондот за здрвствено осигурување за оние луѓе на кои им е неопходно потребно, а тоа се најтешките болни, да одат да се лекуваат во странство, а кои претходно имаат добиено мислење од Комисијата за испраќање.

Зошто не реагирате кога по неколку дена, има Предлог на закон во ова Собрание за пресметување на нова основица за здравствено осигурување. Кога најсиромашните претпријатија, кога најниско доходовните гранки ќе бидат осакатени, кога сиромашните ќе станат уште посиромашни, а богатите ќе станат уште побогати. Големо намалување на стафката ќе биде на најбогатите фирми, од најдоходовните индустриски гранки, а целиот цех ќе го платат најсиромашните.

Ве убедувам дека стратегијата на оваа десничарска Влада во сферата на здравството, ќе биде погубна за сиромашните. На крајот се ќе се заврши, богатите и тие што имаат пари ќе се лекуваат, а сиромашните луѓе ќе умираат. Прв чекор кон тоа неминовно ќе придонесе кога ќе го носат новиот основен пакет за здравствено осигурување. Ќе мораат тоа да го донесат бидејќи најавија дека Фондот за здравствено осигурување од понеделник ќе биде купувач на здравствени услуги.

Знаете што значи тоа? Овој основен здравствен пакет ќе се сведе само на слушалки и апарат за притисок. Секоја друга услуга ќе се наплатува, господа пратеници од НСДП. Каде ги гледате тука хуманизмот, правдата, еднаквоста, солидарноста?

И покрај сето тоа, од чисто идеолошки причини СДСМ ќе го подддржи ова, макар да се работи за седумдесет граѓани. Но повторно ве повикувам, смогнете сили и во понеделник или вторник дајте поддршка само на еден амандман што го предлага опозицијата и да ги решиме сите, ама баш сите проблеми на старите луѓе, што се однесува до сферата на здравството, бидејќи

навистина имаат ниски примања, навистина им треба најповеќе нега и најповеќе лекови и да им ги решиме еднаш за секогаш сите проблеми.

Заборавив да кажам дека дадовте поддршка на решението на Фондот за здравствено осигурување, сите стари луѓе бидејќи тие се најзагрозени во сферата на здравството да имаат право само на четири рецепти годишно. На нив им се потребни 14 рецепти месечно господа пратеници од НСДП, а не четири рецепти годишно. Кога ќе се спротивставите на овие лоши решенија што ги носи Фондот за здравствено осигурување и Министерството за здравство, тогаш ќе можам и да ве разберам дека ја браните вашата платформа и дека се грижите да ги исполните вашите ветувања пред избори, бидејќи вие не дадовте ветување дека ќе го донесете овој закон, вие дадовте ветувања дека клучните работи што ги бараат пензионерите ќе ги решавате, а тие се тие што ги кажав и кои во понеделник или вторник ќе бидат на дневен ред како предлог на Владата за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Гештаковски.

За реплика се јавија пратениците Тито Петковски и Агим Рамадани.

Реплика за пратеникот Тито Петковски, повелете.

**Тито Петковски:** Благодарам господине потпретседател.

Сакам да кажам дека ние како НСДП не оспоруваме ничија иницијатива, ниту на било која иницијатива на пратеник или пратеничка група гледаме во заби, што би се рекло со потценување или да искористиме како повод за нечија дискредитација и делење лекции. Она што го донесовме е наша политичка одлука. Чувствувавме одговорност за една сфера во моментот кога група граѓани тоа го побараа и која е во согласност со нашата програма, тоа да го направиме, да го побараме од пратениците не зависно на која пратеничка група припаѓаат, на која идеолошка проминиенција, кога се работи за вака чувствителен проблем на тие граѓани да бидеме солидарни и да им излеземе во пресрет. Ние не живееме во убедување дека со овој закон ги решаваме сите проблеми на луѓето. Оставам еве и ова што го говореше господин Гештаковски, тие да покренат иницијатива за закони и промена на закони, очекуваме и тоа да се случи, а не само да ја критикуваат Владата. Тогаш да си обезбедат и идентитет и автономност на сопствените погледи.

Сметаме дека во Македонија има простор политичките партии да коалицираат, упатени се едни на други, бидејќи за овие 15 години тешко да имавме Влада со апсолутно чиста политичка ориентација, но дека ние имаме обврска и како пратеници кон политичката партија и кон граѓаните. Овој наш предлог за донесување на закон е во таа функција, обврската кон граѓаните, која во Македонија се уште не функционира, далеку е од она што се очекува и која е предвидено со Уставот, а императивна е обврската кон ставовите на политичката партија, така што и овој предлог и во иднина ќе имаме слични проекти, за кои ќе бараме поддршка. Ќе бидеме благодарни ако бидеме поддржани, нема да се лутиме на никого ако не бидеме поддржани. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Петковски.

Контра реплика од една минута за пратеникот Кире Гештаковски, повелете.

**Кире Гештаковски:** Господине Петковски, цело време следите и гледате дека не ја критикуваме само Владата, туку предлагаме. Не да чекате дали ние ќе поднесеме, туку беше поднесено но не стигна на дневен ред, ќе стигне во понеделник или во вторник. Тоа се наши предлози со кои навистина ќе се решат сите проблеми на старите луѓе и на децата до 18 години.

Не можам да сфатам дека ова била иницијатива на група граѓани кога таа сега е виртуелна, не ја знаеме која е. Шест месеци поминаа, јас сум убеден дека таква можеби постои, но од не сакање да бидат здравствено осигурани. Инаку, кажете ми една хипотетична состојба како може некој граѓанин во Република Македонија да не биде осигуран по никој основ. Кажете ми, и до сега вие во тоа барање шест месеци низ институциите, ако такви постоеја, ќе ги најдевме. Не се решава проблемот, но еве да го решиме и затоа ќе го поддржиме предлогот, па макар да се работело за 100 луѓе и ќе дадеме поддршка.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Реплика има пратеникот Агим Рамадани, повелете.

**Агим Рамадани:** Благодарам.

Јас морам да му реплицирам на господинот Кире Гештаковски денес, затоа што ме чуди што самиот е лекар, а кажа некои невистински категории во однос на здравствената политика што се прави во Македонија за наредните шест месеци. Поради тоа што министерот е од мојата партија, морам да ви реплицирам во однос на тоа, дека сте многу бизарни, односно имате двојно мислење за предложениот закон сега, од една страна велите дека ќе го поддржите предлогот, а од друга страна правите политика против политиката на Владата, во однос на сферата на здравството. Зошто го велам ова односно зошто реплицирам?

Вие сега кажавте многу невистини, кажавте дека ние не планираме за сите категории на луѓе здравствено осигурување. Каде ги наоѓате сега овие категории на луѓе кога во здравствената стратегија која се подготвува за 20 години и која сгого ја обработуваат Светската банка и Министерството за здравство во секој однос се вклучени сите категории на граѓани и осигуреници, а тука се предвидени и основните

пакети што државата мора да ги обезбеди. Одите до таму и кажувате дека останува одредена категорија на луѓе и правите политика со тоа. Жалосно е тоа, вие не смеете тоа да го правите кога знаете дека за еден лек постојат многу фабрички имиња, ама едно генеричко име. На такво генеричко име се наоѓа субституција на лековите, ако е Андол, може да биде Ацетисал, може да биде Аспирин, а вие знаете многу убаво дека сите три лека се исти. Владата поаѓа од тоа кој лек е поефтин и поефективен. Ве молам, немојте на овие работи да направите политика, бидејќи тоа е жалосно, не е коректно, коректно спрема пациентите што ти си ги лекувал до сега. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Рамадани.

Контра реплика од една минута за Кире Гештаковски, повелете.

**Кире Гештаковски:** Навистина жалам, веројатно не беше присутен мојот колега кога дискутирав. Ништо од тоа што го зборуваше Рамадани јас не кажав. Јас кажав дека се подготвува основен пакет, но кој ќе важи за сите осигуреници по сите тие групи што ги кажав јас и кој ќе биде многу порестриктивен, тогаш ќе разговараме со колегата, кога основниот пакет ќе се сведе само на слушалки и на апарат за притисок. Стратегија правеле за 20 години! Па каде живееме? Пред една година беше промовирана стратегија за здравството од 2006 до 2015 година. Дали ви се познати тие факти господине. За следните 10 години постои стратегија во здравството. Имало фабрички имиња, мене ќе ми кажувате, а 25 години работам со пациенти, како што направивте сега со инсулинот, па се расправаат директорот на Фондот и директорот на Ендокринологија кој ја направил таа забуна. Од 20 најсовремени лекови за лечење на шеќерната болест оставивте еден.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Гештаковски.

Има збор пратеникот Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Бидејќи на една од претходните седници ветив дека ќе ги потсетувам моите колеги од парламентарното мнозинство за секој збор што го имаат напишано во “Преродбата во 100 чекори”, затоа што се покажа дека сите коалициони партнери во Владата всушност ја реализираат оваа програма или програмата на ВМРО ДПМНЕ, се јавив денес да ги потсетам моите колеги од парламентарното мнозинство дека во оваа преродба се обврзале за сигурен, ефикасен и праведен здравствен систем, кој ќе ги оствари потребите на граѓаните, дека ќе создаде подобар здравствен систем во кој сите граѓани ќе имаат еднакви права и одговорности, дека во наредните четири години ќе работат на подобрување на квалитетот, зголемување на транспарентноста и ефикасноста на здравствениот систем. Меѓу другото, се вели дека посебна грижа ќе посветат на здравјето на децата и младите до 18 години, бремените жени, и постарите лица од 65 години.

Овој закон денес што ни е предложен во суштина претставува реализација на оваа заложба на “Преродбата во 100 чекори” и мене ме изненадува зошто во тој случај ниту Владата има дадено мислење по овој закон, ниту пак гледам спремност кај моите колеги од парламентарното мнозинство да го поддржат. Очекувам дека, како што почнаа во текот на овие седум месеци да се кршат ветувањата од “Преродбата во 100 чекори”, така да продолжат моите колеги и во иднина, сваќајќи дека добар дел од нив се нереални и лажно дадени, на крајот од мандатот ќе увидат дека ги изневериле очекувањата на граѓаните и дека не успеале да ја реализираат “Преродбата во 100 чекори”, затоа што тргнувале од чисто популистички а не од реални ветувања.

Мислам дека Предлогот за донесување на закон заслужува внимание, меѓутоа, дискусиите кои што беа водени тука малку внесуваат забуна, што можеби и можеше да се очекува затоа што јас зборував и на седницата кога ја избиравме Владата на Република Македонија дека за мене е малку чудна таа комбинација на лево-десни партии и дека ќе постојат дадени моменти кои ќе предизвикаат идеолошки судири, што е нормално, особено имајќи предвид дека социјалните аспекти се нормални за партиите од левата ориентација, меѓутоа, не и за конзервативците и заради тоа можеби не би требало да биде изненадување тоа што Владата на Груевски нема доставено никакво мислење за овој закон или пак има негативно мислење или парламентарното мнозинство нема да го поддржи. Ако мојот колега Петковски од парламентарното мнозинство сака да ме убеди дека ова е закон кој што го предлагаат заради тоа што е потреба на граѓаните и заради тоа што група граѓани го барале тоа од нив, тогаш јас сум навистина изненадена од неговиот потег. Изненадена сум затоа што не можам да видам конзистентност во неговото и во однесувањето на неговата партија. Сега ќе објаснам зошто.

Не можам да прифатам господине Петковски да се излезе во пресрет на една група граѓани кои барале од него да се предложи ваков закон, а од друга страна да не излезе во пресрет на друга група граѓани на кои им ветил уште во време на изборите, уште за време на кампањата дека во Законот за стечај ќе интервенира и дека ќе го реши проблемот со стечајците во Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Значи тука има одредена неконзистентност и недоследност. Очекував во најмала рака бидејќи во образложението на Законот се повикува на рамноправност на Уставот, тогаш очекувам господинот Петковски како претседател на една од партиите која е во владината коалиција рамноправно да ги третира барањата на граѓаните и во најмала рака да ги исполнува

ветувањата кои ги дал на одредена група граѓани во текот на изборната кампања. Меѓутоа, очигледно не е така, очигледно дека се раководиме или господинот Петковски се раководи по други принципи.

Она што е уште пострашно во оваа ситуација е формулацијата дека НСДП ќе предлага и ќе биде благодарна на сите оние кои ќе ја поддржат, меѓутоа, на оние кои нема да ја поддржат нема да се лути. Апсолутно не се согласувам со тоа, затоа што имаме коалиционен партнер во Владата кој дефакто би требало да има влијание и мислам дека господинот Петковски напротив, би требало да им се лути на своите коалициони партнери затоа што не ги сфаќаат сериозно неговите предлози и во најмала рака треба да им се лути затоа што не може да обезбеди влијание меѓу нив да ги поддржат неговите предлози. Не можам да прифатам дека НСДП ќе прифаќа, ќе предлага закони кои произлегуваат од потребите на граѓаните или од барањата на одредена група граѓани, меѓутоа, тоа ќе заврши тука, ќе го предложат законот, законот за жал нема да ја добие подддршката од најголемата пратеничка група ВМРО ДПМНЕ, меѓутоа, господинот Петковски и НСДП ќе има изговор пред таа група граѓани да каже еве ние предложивме, меѓутоа, што да правиме, мнозинството пратеници не го поддржаа предлогот. Тоа не е одговорна партија на власт. Со таквиот начин на функционирање господинот Петковски признава дека се сведува само на одредена бројка во Собранието која ја поддржува Владата и признава дека нема никакво реално влијание во владеачката коалиција. За да докаже дека тоа не е така, тогаш треба да обезбеди поддршка и поголемо влијание за сите оние иницијативи кои ги предлага во Собранието, доколку сака да ги реализира ветувањата што ги дал, без разлика дали тоа се стечајците во предизборниот период или одредена група граѓани која од него барала да го предложи овој закон.

Она што уште повеќе ме зачудува е тоа што ссе вели во еден од аргументите што пред малку слушнав дека во здравствената стратегија која што се прави за наредните 20 години се вклучени сите граѓани. Сега јас се прашувам дали господинот Петковски и НСДП се повторно неинформирани, како што беа неинформирани за останати прашања во владината коалиција и не знае дека се подготвува ваква здравствена стратегија, па го предлага избрзано овој закон само за да ја задржи формата, само колку да се каже дека го предложил, да ги измие рацете пред своите гласачи, а од друга страна не знае дека ваква здравствена стратегија се подготвува и можеби предвидува посеопфатни решенија. Ваквото однесување на партнерите во Владината коалиција морам да кажам дека внесува прилична конфузија во политичкиот живот, затоа што во најмала рака очекуваме коалиционите партнери од Владата да имаат исти позиции за одредени прашања. Вака се случува за сега речиси редовно, НСДП како коалиционен партнер редовно да не е информиран за она што се случува во Владата и во текот на седниците на Владата, меѓутоа, и во владината политика генерално.

Јас нема да се повторувам со моите колеги од СДСМ, јас ќе го поддржам овој закон во оваа фаза. Очекувам информациите што предлагачите ги напишале дека им недостигаат во оценките на состојбите и целите што треба да се постигнат со законот, дека со вакви податоци ќе излезат во втората фаза, со оглед на тоа што се дел од владината и коалиција, јас очекувам дека не би требало воопшто да им бидат проблем ваквите податоци да ги добијат.

Јас се прашувам зошто тоа не било случај и во првата фаза кога имавме прилика поаргументирано да зборуваме . Имавме прилика да зборуваме и за бројки и колку финансиски може да го товари Буџетот на Република Македонија. Меѓутоа, тоа е уште еден аргумент во прилог на тоа дека овој коалиционен партнер практично не е играч и не е еден од играчите во Владата, туку се третира само како бројка. Благодарам.

**Бесим Догани:** За реплика се јави Горан Мисовски, повелете.

**Горан Мисовски:** Благодарам. Навистина жалам што еден добар предлог, односно закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, можам да констатирам дека од дискусијата на госпоѓата Грковска и на господинот Гештаковски отидоа малку вод руг правец. Во правец на прозивање на НСДП постојано овие пет месеци. И постојаната критика како е тоа можно во Република Македонија,не баре во другите држави не е можно, да се направи една лево-десна коалиција.

Госпоѓице Грковска програмските определби и Програмата која што ја изложивме пред граѓаните на Република Македонија во предизборието и за време на изборниот процес 90% е компатибилна со Програмата на ВМРО-ДПМНЕ, токму во процесот, токму во правец на подобрување на економските перформанси на оваа држава. Ние влеговме во Владата на Република Македонија не да владееме, ние влеговме да кажеме што умееме. Токму како политичка опција, како лева политичка опција. Дека тоа е така е и овој Предлог на закон. Еве покажуваме господине Гештаковски дека навистина тоа што треба една левичарска опција да застапува, таков Предлог имаме денеска. Јас ве почитувам како лекар и сметам дека навистина, без поговор ќе кажете да, ќе подржам ваков закон. Велите ќе го подржам законот и повторно, повторувајќи ги зборовите на Никола Поповски СДСМ ќе го подржи законот. Јас тоа го поздравувам, тоа го поздравив и претседателот на НСДП господинот Тито Петковски. Велите нема да има никакви ефекти од Предлогот на законот, велите дека ќе има некакви финансиски реперкусии. Ние само

констатиравме дека таа категорија на лица е веќе на некој начин, условно ќе кажам, претставена во некоја програма која што ја донесе СДСМ.

Измената во членот каде што велиме член 14-а дека се додава, лица постари од 65 години, ако не се осигурани по друг основ, навистина, верувајте дека во ниедна институција надлежна, релевантна не најдовме соодветна бројка.

**Бесим Догани:** Контра реплика има Грковска Славица, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе, господинот Мисовски всушност го потврди тоа што јас го зборувам. Тој кажа дека 90% од Програмата на НСДП е копактибилна со Програмата на ВМРО-ДПМНЕ. Тогаш, јас не гледам причина за постоење на НСДП како партија зошто би се зачлениле сите во ВМРО-ДПМНЕ, барем да нема дилеми во јавноста дали НСДП е информиран или не е информиран за одредени процеси во Владата. Навистина, не гледам причина за постоење на таа партија.

**Бесим Догани:** Благодарам. За збор се јави Горан Мисовски, повелете.

**Горан Мисовски:** Навистина, не знам зошто повторно по незнам кој пат дали некому му е криво, не знам дека нависитна НСДП е политички субјект релевантен политички субјект на македонската политичка сцена. Еве ќе кажам еден друг збор, дали некому му е криво, затоа што тоа се случило, па еден политички субјект како СДСМ со излегувањето на огромен дел членови од СДСМ и формирањето на НСДП, дали е СДСМ токму таму каде што му е местото.

**Бесим Догани:** Господине Мисовски ќе ве молам да говорите околу законот.

Виолета Ташева има реплика кон Славица Грковска, повелете.

**Виолета Ташева:** Благодарам потпретседателе, внимателно, ве молам, дали можам да зборувам?

**Бесим Догани:** Повелете.

**Виолета Ташева:** Благодарам господине потпретседателе, внимателно ја слушав во излагањето колешката Грковска и во најголемиот дел од времето потрошено за најзиното излагање, повторно мафта во собраниската сала со програмтаа, избор на "Преродба во 100 чекори", еднаш велејки дека таа не е добра, друг пат дека е добра, но не ја спроведуваме, трет пат дека ги лажеме граѓаните и т.н.

Почитувана колешке, "Преродба во 100 чекори" и сето тоа таму што стои, нема мана.

Владата на ВМРО-ДПМНЕ и на коалиционите партнери, сето она што пишува го реализира и се залага за реализирање на истото. До колку вашите говори се празни, демагошки, со кои само сакате политички ефтини поени, тогаш ве молам, не ни го трошете времето на сите други останати пратеници, кои сакаме констуктивна работа во Собранието. Благодарам.

**Бесим Догани:** Контра реплика од една минута Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Очигледно госпоѓата Ташева не ме слушала доволно внимателно, затоа што јас ни еднаш не реков дека "Програмата во 100 чекори" е добра и дека не ја спроведувате. Апсолутно, не можам да кажам дека е добра. Ќе го препишам тоа на деконцентрација, меѓутоа, и препорачувам во иднина да биде по концентрирана во име на конструктивност. Меѓутоа, јас госпоѓо Ташева би сакала да ви препорачам да бидете по внимателна ако сакате таква формулација дека вашата програма нема мана, кога во текот на само 7 месеци вие д апочнете да ги кршите ветувањата што сте ги дале, јас не би била толку сигурна да сум ваш случај и јас би ве охрабрила почесто да дискутирате, затоа што на тој начин се покажува едно од вистинсктие лица на ВМРО-ДПМНЕ во овој претставнички дом. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам, сега одиме со реплики кон краткиот говор на господин Мисовски. Повелете госпоѓице Грковска, реплика кон говорот на Мисовски.

**Славица Грковска:** Господине Мисовски само да ви ја разрешам дилемата. Воопшто не ми е криво што НСДП е политички субјект на политичката сцена. Напротив, задоволство ми е затоа што на тој начин се открија вистинските лица на одредени политичари, за кои што можеби имале илузии во текот на овие 15 години. Со самиот факт што вие рековте дека 90% од програмата на НСДП е компактибилна со програмата на ВМРО-ДПМНЕ, практично разрешивте се. Јас не можам ништо друго да кажам, освен тоа дека со самото тоа што вие го кажувате, не дава доволна причина една политичка партија да постои ако 90% од нејзината програма се софпаѓа со програма на друга политичка партија. Заедно сте во Владата, значи немате идеолошки разлики, значи само единствената разлика е во називот на партијата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Кире Гештаковски има реплика кон Горан Мисовски, повелете.

**Кире Гештаковски:** Благодарам господине потпретседателе. Ќе кажам само кратко. Воопшто не ми е криво што сте во Владата. Баш се радувам. Ако некој вака лево ориентиран предлог помине во Владата, ама се сомневам, бидејки нема расположение кај парламентарното мнозинство дека ќе помине. Над 90% рече дека се софпаѓаат програмите. Тие десет работи на рестрикции, на одземање на права кои до сега им следуваа на здравствените организации, дали тоа беше програмата и платформата на НСДП. Дали тие спаѓаат во тие 90%. Тука не се согласувам. Инаку, бидејки и да се работи за 100 луѓе, ќе повторам по трет пат ќе го пдоржам не само јас, туку цела пратеничка група на СДСМ овој Предлог закон. На никого не му е ништо криво. Ќе ги охрабруваме, само џабе, нема да помине.

Парламентарното мнозинство ќе гласа против. Во тоа е разликата.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Гештаковски. За реплика се јави господинот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе, господине Мисовски сакам да реплицирам на два наода од вашата дискусија. Едниот, во однос на заминувањето од СДСМ и формирањето на новата партија и втората, околу вашите принципи како левичарска партија.

Прво, задоволство ми е што ја формиравте НСДП и воопшто не ми е криво за тоа што со тоа што овозможивте вечните демагози и луѓето кои не беа спремни да преземат одговорност, во ниту еден момент од независна Република Македонија, заминаа од СДСМ.

Второ, ако мислите дека се станува левичарска партија само низ предлагање на еден проект пред Собранието, или ако во името на СДСМ, ќе ве потсетам дека сте левичарска партија кои ги држите принципите, ќе ги пдоржите и стечајните работници и сите други категории кои што беа и се цел на заштита на  социјал демократските партии воопшто.

Вака, уште еднаш покажувате колку и на кој начин длабоко е навлезена демагогијата во вашата политика. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Спасовски. Контра реплика од една минута има Мисовски Горан, повелете.

**Горан Мисовски:** Апропо господине Спасовски, бидејќи ја спомнавте НСДП во насока на нашето излегување од СДСМ, јас ќе ви кажам зошто ние го напуштивме СДСМ.

Ние господине Спасовски го напуштивме СДСМ заради лошото владеење. СДСМ заслужи да си биде во опозиција. А најмногу го напуштивме поради тоа што укажувавме постојано додека беше СДСМ на влас дека се случуваат чудни работи, во сферата на корупцијата. Читајте ги извештаите на Државниот ревизор. Што се се правело во времето на владеењето на СДСМ. Тоа доволно говори. Со такви, не сакавме да се дружиме.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Мисовски.

За збор се јави пратеникот Марија Андоновска, повелете.

**Марија Андоновска:** Почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници,

Пред да го искажам својот став би сакала само накратко д аи одговорам на почитуваната колешка Грковска зошто Владата нема доставено мислење.

Почитувана колешке, Владата нема доставено мислење, затоа што договорот постигнат помеѓу Владат аи ММФ е поднесен пред поднесувањето на овој Предлог на закон. Затоа се потребни дополнителни консултации со ММФ за кои е потребно дополнително време, пред Владата да донесе соодветно мислење. Она кон што сите ние се стремиме е да имаме сигурен, ефикасен и праведен здравствен систем.

Со сета почит и респект кон поднесувачите на овие законски измени, исто како и нив се согласувам дека треба да се има грижа за оние лица кои се однесуваат овие измени. Но до колку одредени групи на населени не се здравствено осигурани по ни еден основ на здравствено осигурување, како и лица постари од 65 години кои немаат можност за вклучување во задолжителното здравствено осигурување, се обезбедуваат средства за фианнсирање на здравствена заштита на товар на средствата од Буџетот на Република Македонија. Средствата обезбедени со Републичкиот Буџет се распоредуваат со програми што ги донесува Владата на Република Македонија. Задолжителното здравствено осигурување на здравствените услуги и парични надоместоци пред начелата на сеопфатност, солидарност, ефикасност и еднакво користење на средствата под услови утврдени со овој закон.

Според начелата на задолжително здравствено осигурување, е задолжително за сите граѓани кои во законот се наведени како осигуреници. Според начелото на сеопфатност, со задолжителното здравствено осигурување се опфатени сите граѓани на Република Македонија, без оглед на нивниот работно-правен статус, вклучувајки ги и невработените лиц аод сите социјални категории. Начелото на солидарност претставува взаемен однос помеѓу сите осигуреници на здравственото осигурување, кое се остварува преку обврската за континуирано плаќање на придонеси за здравствено осигурување во одреден процент според висината на нивната плата, односно утврдената основица. И осигурениците кои имаат потреба да користат здравствена заштита, поради тоа што настапила болест, повреда или слично. Според начелотона еднаквост осигурениците имаат еднаков третман во однос на обврската да платат придонес за задолжително  здравствено осигурување, како и еднакво право кога имаат потреба и под исти услови да користат здравствена заштита, без оглед на основот на осигурување, односно на категоријата осигуреник на која припаѓаат без оглед на висината на платениот придонес. Уште еднаш ќе повторам воинтерес на јавноста дека оваа група на граѓани, не се изоставени. За нив, државата води посебна грижа и како што спомнав постојат посебни програми и средства од Буџетот на Република Македонија кои ќе бидат наменети за оваа група на граѓани.

Поради сето ова што гонаведов,пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ смета дека не е основан предлогот за донесување на овој закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување и нема да го подржи истиот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Процедурално се јави Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван потпретседателе, јас би сакала да ви укажам вам, бидејќи во отсуство на претседателот и потпретседателите треба да се грижат за дигнитетот на Парламентот.

Имено, се случува многу често пратениците да се јавуваат и да зборуваат во име на Владата, односно да изигруваат адвокати на Владата. Зошто Владата нема поднесено мислење, или зошто Владата прави вака или онака. Владата можела да поднесе и тоа да го напише и да го достави до пратениците. Меѓутоа, јас молам, да им укажете на пратениците, која е нивната вистинска функција, која е нивната вистинска улога. Тоа е најмалку сервилност спрема Владата и затоа ве молам да им укажувате секој нареден пат од сега па натаму кога тоа ќе се случи, заради тоа што таквиот однос ја девалвира и ја деградира функцијата пратеник. Благодарам.

**Бесим Догани:** За реплика се јави пратеникот Горан Мисовски, повелете.

**Горан Мисовски:** Благодрам потпретседателе, точно е дека постои програма за здравствена заштита на одредени групи население и за одделни заболувања на граѓани, кои не се здравствено осигурани. Тоа го говорев и во излагањето објавено во "Службен весник " број 45 во 2006 година.

Меѓутоа, она што како пратеничка група на НСДП инсистираме со овој Предлог на закон законски да се уреди правото на здравствено осигурување на онаа категорија на лица кои што не оствариле, кои што немаат право на осигурување по ниеден друг основ. Ако се вратиме наназад тоа било такво правило во преговорите со ММФ, а со цел да се постигнат рестрикции во делот на здравственото осигурување тоа законско право да биде преселено преку одредена програма.

Исто така, во тој правец можеме да дискутираме ако се усвои овој наш предлог, еве можеме да дискутираме дека исто така можеби се јави дилема, дали можеби Предлогот на законот ќе треба да вклучи и други неосигурени лица, здравствено необезбедени како што се неосигурани деца од 1 до 18 години, неосигурани родилки и доенчиња до една година возраст, здравствено неосигурани лица со потешки болести од причини што сите тие категории се вклучени во горната програма и има обезбедено средства од Буџетот.

Значи, ќе заклучам, ние со овој закон предлагаме законски да се уреди правото на здравствено осигурување на оваа категорија на лица постари од 65 години.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор пратеникот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Потпретседателе, навистина ми сметаше во текот на оваа расправа двојната улога на господинот Мисовски во дебатата, затоа што после секој пратеник што зборува го користи правото во име на предлагач да се јави, со тоа што еднаш го брани законот, втор пат портпарол на НСДП контра СДСМ, па повторно законот, па повторно како портпарол на партијата контра СДСМ.

Тоа не доликува на собраниски предлагач на материјал. Тој меѓу другото изјави од оваа говорница во расправата дека не треба да е чудно што овој закон е предложен, бидејќи 90% од нивната програма била иста со Програмата на ВМРО-ДПМНЕ и затоа се во коалиција.

Сега откако го слушнавме ставот на ВМРО-ДПМНЕ, мислам дека на господинот Мисовски му стана јасно дека изгледа токму оние 10% различни му се во овој закон, па нема да си ги добие како порција од страна на ВМРО-ДПМНЕ во гласањето околу законот. Зошто е тоа така, самиот ќе треба да извлече поуки.

Би сакал исто така да кажам дека кога тој веќе вон од темата како предлагач се обидуваше во неколку наврати да кажува кој кого сака да дружи во релацијата помеѓу мајката и ќерката, односно СДСМ и НСДП, би сакал да го замолам да се сврти околу себе и да забележи дека него никој од НСДП не го дружи.

Во овој момент од сите предлагачи на законот од НСДП присуствува само тој и една пратеничка односно 5 луѓе не присуствуваат. Па пред да се прашува кој кого дружи, најдобро е да се праша зошто предлагачот на законот не се во салата, зошто пратеничката група на НСДП која ни дава закон на разгледување за старите лица над 65 години буквално отсуствува со пет седмини од својот состав.

И, тоа не можам поинаку да го сватам освен како поднесување на закон за кој однапред знаеме дека нема да помине, закон кој однапред знаеме дека ниту ние самите што го поднесуваме нема да бидеме во салата, ќе си отсуствуваме, а после тоа ќе кажеме: ние се обидовме. Такви обиди не вредат, само продуктивни обиди вредат.

**Бесим Догани:** Реплика господинот Горан Мисовски.

**Горан Мисовски:** Јас колку што се сеќавам господине Поповски вие кажавте дека ќе го поддржите законот.

**Бесим Догани:** Една минута контра реплика господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Не е контра реплика, туку сакам да му укажам на господинот Мисовски бидејќи се обидува цело попладне да држи лекции на сите. СДСМ ќе го поддржи законот, меѓутоа неговиот проблем е што тие од НСДП не го поддржуваат.

Тука ни држат лекции за лицата над 65 години, 10 пати се јавува господинот Мисовски за збор да ни каже дека го поддржале. Што ќе поддржите господин Мисовски, со два гласа ќе поддржите? Тоа ли е парламентарна група од 7 луѓе, така ли

се поддржува закон? Закон се поддржува со 7 гласа тука да гласате активно да дадете придонес. Инаку, приказни, ќе поднесеме закон, а не го гласаме, отсутни сме од сала, на кого му вредат?

**Бесим Догани:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување.

Предлагачите на законот, пратениците Тито Петковски, Горан Мисовски, Иван Анастасовски, Јагнула Куновска, Мирјана Секуловска и Веле Митаноски ќе изготват и на Собранието ќе му достават Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, при што ќе ги имаат во предвид забелешките, мислењата и предлозите изнесени на седницата на Собранието.

Овој заклучок заедно со стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до пратениците Тито Петковски Горан Мисовски, Иван Анастасовски, Јагнула Куновска, Мирјана Секуловска и Веле Митаноски.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ја прекинувам денешната седница.

Продолжуваме во понеделник со почеток во 11,00 часот со Дванаесеттата седница, а по завршување на Дванаесеттата седница ќе продолжиме со Дваесет и третата седница.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)